# VII Национален извештај за имплементација на Архуската Конвенција во Република Северна Македонија

Формулар за извештајот за имплементација на Архуската Конвенција во согласност со Одлуката IV/4 ( ECE/ MP.PP/2011/2/Add.1)

Овој извештај го поднесува Министерството за животна средина и просторно планирање (Име на страната или потписникот) во согласност со одлуките I/8, II/10, IV/4

---

Име на одговорното лице Izet Mexhiti – Министер
На националниот извештај

Потпис:

Датум:

---

Извештај за имплементација
Ве молиме доставете ги следните податоци за потеклото на овој извештај

---

Страна: **Република Северна Македонија**

**Национален контакт:**
Име на институцијата: Министерството за животна средина и просторно планирање

Име на одговорно лице:

Адреса:

Тел:

Факс:

E-mail:

Одговорно лице за националниот извештај (доколку се разликува)
Име на институцијата: Министерството за животна средина и просторно планирање

Име и позиција на одговорното лице:

Адреса:

Тел.

Факс:

E-mail:

# VII Национален извештај за имплементација на Архуската Конвенција на Република Северна Македонија

| **Прашање 1** | **Процес на подготвување на извештајот** |
|---|---|
| Прашање 1 | Обезбедете кратка информација за процесот на подготвување на овој извештај, вклучувајќи и информација за властите кои биле консултирани или придонеле за неговата подготовка, на кој начин е консултирана јавноста и какво е влијанието/дали е земен предвид исходот од консултирањето на јавноста и материјалот кој се користел како основа за подготвување на извештајот. |

**Нацрт верзија**

Нацрт верзијата од седмиот Национален извештај за имплементација на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашањата поврзани со животната средина (Архуската Конвенција) е изготвен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Архус Центарот.

Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Архус Центарот, направи тематски прашалници и ги сподели со различни целни групи и тоа: единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и Градот Скопје, Канцеларијата на народен правобранител, МЖСПП, други министерства и институции, Државен инспекторат за животна средина (ДИЖС), Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ) и за здруженија кои работат во областа на животната средина.

Целта на прашалниците беше да се добие реална слика на состојбата со примена на Архуската Конвенција во Република Северна Македонија во периодот од 2021 – 2023 година и да му помогне на МЖСПП во подготовка на седмиот национален извештај за имплементација на
Архуската Конвенција во Република Северна Македонија во периодот од 2021 – 2023 година.
Следејќи ги начелата на Конвенцијата за навремено информирање и учество на јавноста, прашалникот за зруженијата на граѓани беше јавно достапен со можност за дополнување и коментирање.

| Прашање 2 | Посебни околности релевантни за разбирање на извештајот |
|---|---|
| Прашање 2 | Известете за сите околности кои се релевантни за разбирање на извештајот, пр. дали постои федерална и/или децентрализирана структура која донесува одлуки, дали одредбите од Конвенцијата имаат директно влијание врз нејзиното стапување во сила, или дали финансиските ограничувања претставуваат значителна препрека за имплементацијата (опционално). |

Ова е седмиот извештај за имплементацијата на Архуската Конвенција на Република Северна Македонија. На 01.07.1999 година, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата за пристап до информации, Учество на јавноста во донесување на одлуки и Пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина, а осум дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на РМ (бр. 40/99 од 06.07.1999 година) истата влезе во сила.

Република Северна Македонија го има ратификувано и Протоколот од Киев за Регистарот за испуштање и пренос на загадувачки материи (РИПЗ) во 2010 година (Службен весник на РМ, бр. 135/2010).

Република Северна Македонија се уште го нема ратификувано Амандманот на Архуската Конвенција за ГМО, кој е усвоен на состанок на страните на 27.05.2005 во Аламати, Казахстан и се однесува на учество на јавноста во одлуките за намерно ослободување во животната средина и ставање на пазарот на генетски модифицирани организми.

Во Република Северна Македонија постои поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска. Собранието на Република Северна Македонија кое е претставнички орган на граѓаните е носител на извршната власт. Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт Судската власт ја вршат судовите.

Согласно Уставот на Република Северна Македонија на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа. Единици на локалната самоуправа се општините кои меѓу другото имаат надлежност во урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, заштитата на животната средина и природата, комуналните дејности и др.

Во Уставот на Република Северна Македонија во чл. 118 е утврдено дека ратификуваните меѓународните договори се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон при што судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Архуската конвенција во РСМ се имплементира, но сеуште има простор за подобрување, а особено во подобрување на административните капацитети и

обезбедување на поголеми финансиски средства за нејзино целосно спроведување.

| Прашање 3 | **Законски, регулативни и други мерки кои ги имплементираат општите одредби од Член 3, ставови 2, 3, 4, 7 и 8** |
|---|---|
| Прашање 3 | Наведете ги законските, регулативни и други мерки кои ги имплементираат општите одредби во член 3, ставови 2, 3, 4, 7 и 8, од Конвенцијата.<br>Објаснете како се имплементирани овие ставови. Конкретно, опишете:<br>(а) Во однос на став 2, мерките преземени за обезбедување на помош и потребното советување/насочување од страна на функционерите и властите;<br>(б) Во однос на став 3, мерките преземени за промовирање на едукацијата и подигнувањето на јавната свест за животната средина;<br>в) Во однос на став 4, мерките преземени за обезбедување на соодветно признавање и поддршка за здруженијата, организациите или групите кои ја промовираат заштитата на животната средина;<br>(г) Во однос на став 7, мерките преземени за промовирање на принципите од Конвенцијата на меѓународно ниво; вклучувајќи ги;<br>(i) Мерки преземени за координација во рамки на и помеѓу министерствата за да се информираат функционерите вклучени во други релевантни меѓународни форуми за член 3, став 7, од Конвенцијата и Упатствата од Алмати, кои посочуваат дали се тековни мерките за координација;<br>(ii) Мерки преземени за обезбедување на пристап до информации на национално ниво во врска со меѓународните форуми, вклучувајќи ги фазите во кои бил обезбеден пристапот до информации;<br>(iii) Мерки преземени за промовирање и овозможување на учеството на јавноста на национално ниво во однос на меѓународните форуми (пр. покани до членови на невладини организации (НВО) да учествуваат во делегацијата на Страната во меѓународните преговори за животна средина, или вклучување на НВО во креирањето на официјалниот став на Страната во таквите преговори), вклучувајќи ги фазите во кои бил обезбеден пристапот до информации;<br>(iv) Мерки преземени за промовирање на начелата на Конвенцијата во процедурите на други меѓународни форуми;<br>(v) Мерки преземени за промовирање на начелата на Конвенцијата во работните програми, проекти, одлуки и други значајни резултати на други меѓународни форуми;<br>(д) Во однос на став 8, мерките преземени да обезбедат лицата кои ги користат своите права според Конвенцијата да не бидат казнувани, прогонувани или вознемирувани. |

(а) Во однос на став 2, мерките преземени за обезбедување на помош и потребното советување/насочување од страна на функционерите и властите;

Во Законот за животната средина се регулирани барањата на Архуската Конвенција за пристап до информации за животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуки и пристап до правдата.

Генерално, прашањето за пристап до информации од јавен карактер е уредено со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), додека пристапот до информации од областа на животната средина е уреден со Законот за животната средина. За

ширење на информациите за животната средина и за обезбедување на полесен пристап до информациите кои ги поседуваат субјектите кои поседуваат информации се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање објавува и одржува листа на субјекти кои поседуваат или пак за кои се поседуваат информации од областа на животната средина. Во листата се определуваат и информациите кои ги поседува секој од наведените субјекти. Субјектите кои поседуваат или пак за кои се поседуваат информации од областа на животната средина имаат обврска податоците кои ги поседуваат постојано да ги ажурираат и истите да ги достават или да ги направат достапни на лицата кои побарале пристап до информациите. Сите субјекти кои поседуваат информации од областа на животната средина имаат обврска да определат овластено лице кое ќе биде одговорно за остварување на правото на пристап до информации од областа на животната средина како и да обезбеди просторија во која ќе се врши увид во бараните информации.

(б) Во однос на став 3, мерките преземени за промовирање на едукацијата и подигнувањето на јавната свест за животната средина;

Во насока на промовирање на едукацијата за животната средина и подигање на јавната свест во Законот за животната средина се предвидени следните можности:

- Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за образование и наука да дава поддршка на образовните и научните институции, стручни организации и здруженија на граѓани основани заради заштита на животната средина и одржливиот развој и спроведување на образовни активности;
- Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбедува поддршка за публикација на книги и брошури на теми поврзани со заштита и унапредување на животната средина и одржливиот развој со цел подобрување на образованието;
- Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за образование и наука да обезбедува поддршка на истражувањата за состојбите од областа на животната средина и на проектите за животна средина;

Ваква обврска за поттикнување на развојот на образованието и јавната свест во областа на животната средина во законот е предвидена и за единиците на локална самоуправа, во Законот за локална самоуправа. Во член 22, Листа на надлежности, став 1, точка 8, се однесува на организирање на образованието во основните и средните училишта, во соработка со централната власт и во согласност со законската регулатива за образование.

Исто така, во насока на подигнување на јавната свест, Законот за животна средина предвидува доделување награди и признанија за достигнувања во областа на заштита и унапредување на животната средина кои ги доделува Министерството за животна средина и просторно планирање. Наградите и признанијата се доделуваат на правни или физички лица кои дале определен придонес за животната средина и истите се доделуваат врз основа на конкурс кој го објавува Министерството. Дополнително, во Законот за животната средина се утврдува обврска за Министерството за образование и наука да води сметка дека во наставните планови

за основно или средно училиште, да предвиди наставна содржина во областа на животната средина.

в) Во однос на став 4, мерките преземени за обезбедување на соодветно признавање и поддршка за здруженијата, организациите или групите кои ја промовираат заштитата на животната средина;

Поддршка на здруженијата, организации или групи кои ја промовираат заштита на животната средина се обезбедува преку Програмата за инвестирање во животната средина која ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање. Програмата за инвестирање во животната средина се донесува секоја година и се објавува Конкурс за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од обласа на животната средина. Корисници на средства од програмата може да бидат општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје; правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции; кои реализираат програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина. Средствата од Програмата може да се користат за поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата, како и за теализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во обласа животна средина

Во рамки на политиката на Владата за постојана и ефикасна соработка со граѓанската заедница и институционализација на соработката, во декември 2004 година во Генералниот Секретаријат - Сектор за анализа на политиките и координација беше воспоставено Одделение за соработка со невладини организации. Исто така, Совет за соработка беше воспоставен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество, како советодавен орган на Владата за промоција на соработката, дијалогот и охрабрувањето на развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија, кој се состои од 16 претставници на граѓанското општество и 15 претставници на надлежните државни органи. Исто така беше воспоставена мрежа на јавни службеници за соработка со граѓанското општество.

Владата на Република Северна Македонија изработува Стратегија за соработка со Здруженија на граѓани согласно која Министерството изработува Програма и Акциски план за имплементација и изработува Годишни извештаи. Стратегијата за соработка со Здруженија на граѓани се подготвува секои две години. Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, изработена во 2019 година, а се однесува за периодот од 2020-2024 година, ги содржи следните приоритетни области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество; Демократизација, активно учество на граѓанското општество во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија; Граѓанското општество како чинител во социјално-економскиот развој.

Визија на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 е унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог

со граѓанското општество. Главна цел на Стратегијата е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството. Мерките од оваа стратегија имаат за цел и да ги поттикнат единиците на локалната самоуправа да ја продолжат добрата практика на соработка и развој на локалните граѓански организации и да усвојат слични механизми за соработка, поддршка и вклучување на граѓанските организации во спроведување на активностите.

Секоја година, Владата на Република Северна Македонија - Генералниот Секретаријат објавува оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, кои ќе се употребуваат за да се финансираат програмските активности на здруженијата и фондациите, преку програмски грантови (проекти), кои се поделени во 4 приоритетни области, вклучувајќи активности поврзани со заштита на животната средина.

(г) Во однос на став 7, мерките преземени за промовирање на принципите од Конвенцијата на меѓународно ниво; вклучувајќи ги;

Претставници од граѓанските организации учествуваа на многубројни конференции, состаноци и работилници кои ги организираше Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), како на пример:

-  Учество на јавноста во подготовка на законски и подзаконски акти

- Во текот на 2021 година беа подготвени и усвоени пакет на закони кои се однесуваат на управувањето со отпад: Закон за управување со отпад („Службен весник на РСМ, бр.216/21); Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на РСМ“, бр. 251/21); Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на РСМ“ бр. 176/21); Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на РСМ“ бр. 176/21); Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на РСМ, бр. 216/21); Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на РСМ, бр. 215/21). На усвојувањето му претходеше постапка на широки консултации со јавноста (јавни расправи). Драфт верзиите на горенаведените закони беа објавени на веб страната на МЖСПП и на Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР), а јавноста беше повикана да даде свои мислења, сугестии и коментари
- Во текот на 2022 и 2023 година, а врз основа на новите Закони во областа на управување со отпад, беа изработени нацрт текстови за подзаконски акти (правилници) и објавени на веб страната со цел добивање на коментари од јавноста.
- Во текот на 2022 година е отпочната постапка за донесување на Закон за прогласување на Студенчишко блато за парк за природата. Законот беше ставен на веб страната и на ЕНЕР, а исто така се одржа и јавна расправа со засегнати страни.
- Во текот на 2022 година беше одржан Консултативен состанок со граѓанскиот

сектор за Нацрт – Законот за контрола на индустриски емисии, за што беше подготвен и објавен ИЗВЕШТАЈ од јавна расправа по Нацрт на Закон за контрола на индустриски емисии

- Во текот на 2022 година беше усвоен Законот за инспекциски надзор во животната средина („Службен весник на РСМ“, бр. 99/22), на кој му претходеа широки консултации со јавноста
- Во текот на 2022 година е отпочната постапка за донесување на Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата. Нацрт законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата беше објавен на интернет страницата на МЖСПП и на порталот ЕНЕР.
- Со цел вклучување на јавноста во подготовката на подзаконските акти, во текот на 2022 година, беа подготвени и објавени на интернет страницата на МЖСПП и порталот на ЕНЕР подзаконски акти од областа на заштита на води (Правилник за техничките услови, начинот и постапката за мониторинг на водата за наводнување и Правилник за техничките услови, начинот и постапката за мониторинг на водата од одводнување на земјиште). Овие подзаконски акти беа изработени во рамки на проектот „Акција за унапредена правна и институционална заштита на водите“ спроведуван од страна на Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Ова е уште еден доказ за соработка и вклучување на граѓанскиот сектор во активностите и работењето на МЖСПП
- Кон крајот на 2022 година беше објавена Нацрт верзијата на Законот за климатска акција, на интернет страницата на МЖСПП и порталот на ЕНЕР, при што беше оставен период за коментирање од страна на јавноста (60 дена). Неколку НВО беа вклучени во процесот на подготовка на долгорочната Стратегија и Закон за климатска акција. Проектот го спроведуваше конзорциум предводен од GFA Consulting Group со финансиска поддршка од Секторот за централно финансирање и договарање (ЦФЦД). Севкупната цел на проектот е да ја поддржува земјата корисник во постигнувањето на долгорочните цели за климатска акција: целосното транспонирање/имплементација на европското законодавство (EU acquis) овозможувајќи развој на земјата корисник како земја со ниски емисии на стакленички гасови и отпорна на климатски промени
- Во 2023 година беше обржана јавна расправа за Студијата за валоризација на природните вредности Охридско Езеро, каде беше споделена информација за отпочнување на подготовката на Нацрт на Закон за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата. На самата јавна расправа имаше дискусија, забелешки, предлози и прашања од преставници на невладините организации.

- Извештај во сенка за поглавје 27 – Животна средина и климатски промени

- Во извештајниот период 2021 – 2023 година граѓанскиот сектор организиран како Платформа 27, која е неформална мрежа на повеќе од 20 организации што работат на полето на заштита на животната средина и климатските промени, започна со подготовка на Извештаи во сенка за поглавјето 27 - Животна средина и климатски промени. Од страна на неколку здруженија на граѓани (Центар за климатски промени, Еко-свест, Милиеуконтакт Македонија и Македонско еколошко друштво), досега се изработени три извештаи за 2021, 2022 и 2023 година, кои се однесуваат на потпоглавјата: Хоризонтално законодавство, Квалитет на води, Управување со отпад, Квалитет на амбиентен

воздух, Индустриско загадување и управување со ризик, Заштита на природата и Климатски промени. Во потпоглавјето Хоризонтално законодавство се обработени и Директивите 2003/4/ЕС Access to Information – Директивата за пристап до информации за животната средина и 2003/35/ЕС Public Participation – Директивата за учество на јавноста во донесување на одлуки важни за животната средина. Пред подготовка на извештаите се одржуваат консултативни состаноци со претставници од релевантните сектори и одделенија од МЖСПП, а се со цел на претставување на фактичката состојба со закоконодавството од областа на поглавје 27. Претставници од МЖСПП и ДИЖС присуствуваат на промоција на овие извештаи.

| **Прашање 4** | **Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 3** |
| --- | --- |
| Прашање 4 | Опишете ги препреките на кои наидовте при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 3 наведени погоре. |

Следните недостатоци беа идентификувани при имплементацијата на Конвенцијата:

- недостаток на финансиски ресурси за отворање и опремување на информативни пунктови преку кои граѓаните навремено би биле обезбедени со потребните информации;
- недостаток на расположливи човечки ресурси на национално и локално ниво;
- потреба од зајакнување на капацитетите на невладиниот сектор;
- недостаток на користење на електронските алатки и недоволен капацитет за развој на електронските алатки за пристап до информации на национално и локално ниво (голем број на регистри во електронска верзија не се ажурирани и не се достапни за јавноста);
- недоволна системска развиеност за имплементација на третиот столб од Конвенцијата - пристап до правда;
- зајакнување на улогата на медиумите во подигањето на еколошката свест;
- поголема застапеност на еколошкото воспитување во образовните програми и развивање на свеста за основното човеково право за здрава животна средина;
- Зголемување на финансиските средства кои ќе се одвојуваат од буџетот на државата за спроведување на активности за заштита на животната средина на централно и локално ниво како и зголемување на финансиската помош за невладините организации за спроведување на активности и проекти со цел подобрување на животната средина;

| **Прашање 5** | **Дополнителни информации за практичната примена на општите одредби на Член 3** |
| --- | --- |
| Прашање 5 | Обезбедете други информации за практичната примена на општите одредби од Член 3 |

За да се постигне висок степен на јавна свест за животната средина како и за исполнување на обврските согласно Архуската Конвенција (првиот и вториот столб) и Законот за животна средина, МЖСПП спроведува активности за редовно информирање, едукација и запознавање со еколошките термини, движења и

политики, развивање на позитивните навики на однесување кон животната средина и обезбедување на услови за вклучување на јавноста при донесување на одлуки. Ваквите активности се насочени кон различни целни групи (деца од предучилишна и училишна возраст и младинци, невладини организации, претставници на единиците на локална самоуправа, на индустријата и др.) и се составен дел од различни работни процеси. За таа цел во рамките на Министерството функционира Сектор за комуникација со јавност преку кој се врши практична примена на начелата на Архуската конвенција.

За подигање на јавната свест, согласно годишната програма на СКЈ се спроведуваат најмалку две кампањи на актуелни теми (во извештајниот период фокусот беше на отпадот, климатските промени и водите), а редовно се организираа настани за одбележување на деновите од еколошкиот календар (22 Март-Светски ден на водите; 22 Април-Ден на планетата Земја; 5 Јуни - Светски ден на животната средина; 16 Септември –Ден на озонот; 16-22 Септември Европска недела на мобилност).

Посебни напори се вложени во поддршка на процесот на инкорпорирање на еколошки содржини и програми во образовниот процес (имплементација на Зелен пакет, Зелен Пакет Јуниор и сл.).

Во СКЈ достапна е библиотека со над 1000 наслови од областа на животната средина и компјутери кои можат слободно да ги користат заинтересираните граѓани за пристап до информации од областа животна средина.

Едукацијата и подигањето на јавната свест се остварува и преку соработката со електронските и печатените медиуми за кои редовно се обезбедуваат информации на македонски и на албански јазик.

Секторот е редовно ги ажурира информациите на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер како и веб страната на Министерството и на проектите на Министерството.

За подобро вклучување на јавноста во донесување на одлуки изработена е база на податоци за здруженија на граѓани кои делуваат во областа животна средина и тие редовно, согласно Законот за животна средина се известуваат и се поканууваат на јавни расправи при донесување на законски, стратешки и плански документи, како и спроведување на процедурите за ОВЖС и СОЖС. Вклученоста на јавноста се подобрува и преку редовните средби со НВО како што се редовни годишни средби на здруженија од областа на животната средина (National Strategy Meetings) или консултативни средби за надминување на актуелни проблеми.

Секоја година, Министерството за животна средина и просторно планирање ги поддржува годишните состаноци на граѓанските здруженија кои работат во полето на животна средина и одржлив развој, наречени Национална годишна средба (National Strategy Meetings - NSM) како финансиски така и преку учество на претставниците од Министерството. Во фокусот на периодот за известување беше законската регулатива од областа на климатски промени, енергетска ефикасност и праведна транзиција. Годишните средби во извештајниот период беа организирани од страна на Македонски Зелен Центар (МЗЦ0 во 2021 и од страна на Еко-свест и Коалицијата за клима во 2022 и 2023 година.

Во рамките на МЖСПП постои и Македонски информативен центар кој обезбедува информации за квалитетот на поединечните медиуми од животната средина (воздух, вода, почва, бучава) кои се достапни до широката јавност преку веб станицата на Министерството.

Следните активности беа извршени во процесот на консултации со јавноста:

- Широки консултации во втората половина на 2021 година и почетокот на 2022 година, по однос на пакетот закони за управување со отпад (Закон за управување со отпад; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори; Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема; Закон за управување со дополнителни текови на отпад; Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад кои беа објавени на веб страната на МЖСПП и на Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР). Следствено на новите закони беа иработени и подзаконски акти во областа на управувањето со отпад кои исто така беа јавно објавени, а јавноста беше поканета да даде свои коментари и мислења
- Консултативни состаноци со јавноста беа одржани и во врска со отпочнување на постапката за донесување на следните закони (Законот за контрола на индустриски емисии, Законот за инспекциски надзор во животната средина, Законот за климатска акција и Законот за просторно планирање)
- Јавни расправи и консултации беа спроведени и по однос на Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк за природата, Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата и Нацрт на Законот за ре-прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата
- Во овој период усвоени се и повеќе плански и стратешки документи кои претходно беа ставени на увид на јавноста, беа организирани јавни расправи, а јавноста даде свои предлози и коментари: План за управување со Националниот парк „Шар Планина“, за периодот 2022-2031 година; План за управување со Заштитен предел Осоговски Планини 2021 – 2031 година; нацрт верзија на Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион;
- Јавни расправи за Студии за оцена на влијание врз животната средина за проекти: Изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад, Русино, општина Гостивар; Реставрација на Река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито; Изградба на државен пат А3 делница Битола - Граничен премин Меџитлија; Измена на методот за откопување во наоѓалиштето Свиња река – примена на метод на откопување со заполнување на откопните простори и суво одлагање на јаловината во рудник САСА“ општина Македонска Каменица; “Изградба на живинарска фарма за одгледување на бројлери – КО Зубовце, Општина Врапчиште“;Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за производство на пилешко месо, одгледувалиште на родителски јата и јата несилки “Гиновци”, инкубаторска станица “Гиновци” и одгледувалиште за бројлери “Псача”; Воспоставување на интегриран и финасиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски и Југозападен регион; Изградба на колекторски систем, рехабилитација на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Битола; Изградба и реконструкција на колекторски и канализациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води за агломерација Тетово; Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри;

- Јавни расправи за Нацрт Извештаи за стратегиска оцен на животната средина за: План за управување со Заштитен предел Осоговски Планини 2021 – 2031 година; План за спречување на создавање на отпад 2022-2027 на РСМ; Изградба на пречистителна станица за отпадни води во агломерација Битола; Изградба и реконструкција на колекторски и канализациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води во англомерација Тетово; Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на “Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во Општина Свети Николе“ КО Мечкуевци, Општина Свети Николе; ДУПД за изградба на рударски комплекс Плавица;

| **Прашање 6** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 3** |
|---|---|
| Прашање 6 | Посочете релевантни web адреси, доколку се достапни адреси |

www.moepp.gov.mk http://airquality.moepp.gov.mk http://uslugi.gov.mk

https://m.facebook.com/MOEPPMKD

https://twitter.com/MOEPPMKD

http://ripz.moepp.gov.mk/

http://scc.b1.finki.ukim.mk/#/index/main

http://ebiblioteka.moepp.gov.mk:8080/library/home

http://exim.gov.mk/EILWeb/

Слободен пристап до информации | МЖСПП (moepp.gov.mk)

Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ener.gov.mk)

http://arhus.mk

Одделението за соработка со невладините организации (nvosorabotka.gov.mk)

https://www.nvosorabotka.gov.mk

Klimatski promeni https://klimatskipromeni.mk/news#/index/main

| **Прашање 7** | **Наведете законски, регулативни и други мерки кои ги имплементираат одредбите за пристап до информации поврзани со животната средина во Член 4.** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Прашање 7 | Објаснете како е имплементиран секој став од Член 4. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањата за недискриминација во Член 3, став 9. Опишете ги посебно и:<br>(а) Во однос на став 1, мерките преземени да обезбедат:<br>(и) Секое лице може да има пристап до информациите без да мора да покаже интерес; (ии) копии од актуелната документација која ги содржи или вклучува бараните информации;<br>(иии) Информациите се доставени во бараната форма;<br>б) Мерките преземени со цел да се почитуваат временските рокови дадени во став 2;<br>(в) Во однос на ставовите 3 и 4, мерките преземени да:<br>(и) обезбедат изземање/ослободување од барањата;<br>(ии) обезбедува примена на тестот за интерес на јавноста даден на крајот од став 4;<br>(г) Во однос на став 5, мерките преземени со цел властите кои не ги поседуваат бараните информации за животната средина да преземаат соодветни активности;<br>(д) Во однос на став 6, мерките преземени со цел спроведување на барањето за издвојување на информациите и нивната достапност;<br>(ѓ) Во однос на став 7, мерките преземени со цел одбивањата да ги исполнуваат временските рокови/ограничувања и останатите барања во однос на одбиените барања;<br>(е) Во однос на став 8, мерките преземени со цел исполнување на барањата за наплата. |

Едно од основите граѓански права кои се дефинирани во Уставот на Република Северна Македонија е правото на еднаков пристап на граѓаните пред Уставот и законите. Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Исто така, едно од начелата на кои се заснова Законот за животната средина е начелото на учество на јавноста и пристап до информации според кое органите на државната власт и органите на единиците на локална самоуправа се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информации и учество на јавноста во донесување на одлуки кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тие одлуки.

Барањата кои произлегуваат од Архуската Конвенција за пристап до информации за животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуки и пристап до правдата се транспонирани во Законот за животна средина. Во Законот е пропишано дека:

- Секој има право на пристап до информации за животната средина без притоа да мора да го докажува својот интерес;
- Правото на пристап до информации се остварува на начин определен со законот;
- Обврска да обезбедат информации за животната средина имаат сите органи определени со законот;
- Одбивање на барањето да се даде информација може да се направи само во

определени случаи пропишани согласно законот;

- Органите определени со овој закон имаат обврска да собираат и објавуваат информации за животната средина од делокругот на нивното работење;
- Надоместокот на трошоците за давање на бараната информација ќе бидат во висина која е разумна и не ги надминува реалните трошоци; и
- Незадоволната страна има право на пристап до правдата.

Секој има право на пристап до информации до животната средина без притоа да мора да го докажува својот интерес. Правото на пристап до информации од животната средина се остварува во однос на сите информации во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на состојбата на медиумите и областите, факторите, мерките, извештаите, анализата на трошоци и состојбите поврзани со животот и здравјето на луѓето.

Начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина се подетално регулирани со Правилникот за начинот и постапката за обезбедување на пристап до информации за животната средина.

Законот определува дека органи и правни и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се: органите на државната власт; единиците на локалната самоуправа, правните и физичките лица на кои, во согласност со законот, им се доверени јавни овластувања, вклучувајќи и специјални должности, активности и услуги во областа на животната средина; како и други правни и физички лица на кои согласно закон или договор им е доверено да вршат дејност или услуга од јавен интерес во областа на животната средина, а кои се под надзор на претходно наведените органи.

Барањето за информации за животна средина може да се достави до секој од субјектите кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина. Субјектите се должни во најкраток можен рок, но не подолго од еден месец од приемот на барањето да обезбедат пристап до информациите. Доколку поради обемноста или комплексноста на инфомациите истите не може да се комплетираат во наведениот рок, рокот за обезбедување на информациите е два месеца по приемот на барањето. Во таков случај субјектот пред истекот на рокот од еден месец го известува барателот за потребата од продолжување на рокот притоа наведувајќи ги причините за тоа.

Информациите се доставуваат во бараната форма освен во случаите кога информацијата веќе постои во одредена форма и е лесно достапна за јавноста. Доколку пак поповолно е информацијата да се достави во форма поинаква од бараната, субјектот е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да го извести барателот за причините поради кои информациите ги дава во поинаква форма.

Субјектите за давање на бараната информација не наплатуваат надоместок. Притоа, пребарувањето на регистрите или евиденциите на податоци, како и проверувањето на информациите на местото каде што се чуваат или се одржуваат е бесплатно. По исклучок, субјектите наплатуваат надоместок на трошоците за давање на информации. Висината на надоместокот на трошоците за давање на информации треба да биде разумна и да не ги надминува реалните трошоци направени за давање на информацијата.

Релевантни подзаконски акти кои го регулираат пристапот до информации за животната средина се:

- Правилник за начинот и постапката за обезбедување на пристап до информациите во врска со животната средина (Службен весник на РМ, бр. 93/07)
- Одлука за објавување на Листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина (листа на иматели на информации), (Службен весник на РМ, бр. 82/07)

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), ги уредува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други организации и институции (иматели на информации) определени со закон. Овој закон ги содржи следните поглавја/членови:

- Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер направи прирачник кој ги содржи методите и постапки за имплементација на овој закон.
- Комисијата се трансформира во Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Визијата на Агенцијата е да биде признаена и почитувана од страна на имателите, барателите и општата јавност како основна институција одговорна за извршување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која придонесува за зголемена одговорност и транспарентност во општеството.
- Законот обезбедува транспарентност во работењето на имателите на информации и овозможува физичките лица и правните субјекти да го спроведуваат своето право на слободен пристап до информации од јавен карактер
- Имателите на информации се обврзани да ги обезбедат за јавноста информациите во врска со нивното работење
- Законот обезбедува слободен пристап до информации за сите физички лица и правни субјекти. Слободен пристап до информации е обезбеден и за странските физички лица и правни субјекти
- Законот ги определува исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер
- Секој имател на информации треба да назачи едно или повеќе лица посредници при спроведување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- Имателите на информации се обврзани редовно да ја ажурираат листата со информации кои ги поседуваат и да ги објавуваат на начин пристапен за јавноста
- Законот обезбедува информации за постапката за спроведување на правото на слободен пристап до информации (усно или писмено барање, содржина на барањето, поднесување на барањето, дополнување и одбивање на барањето, повторно испраќање на барањето, постапување по барањето, продолжување на рокот за прикажување на бараните информации, одговорени барања,

прикажување на одговорот на бараната информација, одбивање на барањето и информирање за тоа, право на правна заштита, постапка за жалби…)

- Трошоци за посредување при барање информации (прегледувањето на бараните информации е бесплатно; апликантот ги плаќа материјалните трошоци за добиен препис, фотокопија или електронски примени информации)
- Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (Статус на Агенцијата, структура, назначување и разрешување на Агенцијата, јурисдикција на Агенцијата, начин на работа, консултантски персонал, судска заштита)
- Имателите на информации ќе ја запознаат јавноста со начинот и условите за пристап до информации
- Имателите на информации ќе соработуваат со другите иматели на информации и со Агенцијата во врска со примената на одредбите од овој Закон
- Официјалното лице на имателот на информации има обврска да подготви годишен извештај за имплементацијата на овој Закон за претходната година и да го презентира пред Агенцијата не подоцна од 31 јануари во тековната година.

Согласно обврските што произлегуваат од чл. 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Република Македонија бр. 101/2019), имателот на информации-Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија, за службено лице кое ќе посредува при остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, се определува:

- Службено лице кое е овластено да изготвува и потпишува решенија и други акти што се однесуваат на слободен пристап до информации од јавен карактер е административниот службеник: Милена Стојановска, Е-пошта: m.stojanovska@moepp.gov.mk
- Службено лице кое е овластено да изготвува и потпишува решенија и други акти што се однесуваат на слободен пристап до информации од јавен карактер во надлежност на Државниот инспекторат за животна средина е административниот службеник: Дарко Блинков, Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

| **Прашање 8** | **Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 4** |
| --- | --- |
| Прашање 8 | Опишете ги препреките на кои наидовте при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 4 |

При имплементацијата на ставовите од Член 4. забележани се следниве препреки:

- недостаток на капацитетите со цел правото на пристап до информациите за животната средина да се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма,
- недостаток на финансиски ресурси потребни заради дисеминација на податоци и информации, отварање и опремување на информативни пунктови,
- недостаток на расположивите човечки ресурси на национално и локално ниво како и
- потреба од зајакнување на граѓанскиот сектор во врска со столбовите на

Архуската Конвенција.

| Прашање 9 | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 4** |
|---|---|
| Прашање 9 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за пристап до информации во член 4, пр. дали постојат достапни статистички податоци за бројот на барањата, бројот на одбиените барања и причината за одбивање на истите? |

Во Секторот за комуникација со јавноста се врши евиденција на бројот на пристигнати барања согласно Законот за слободен пристап до информациите.

Во извештајниот период (2021-2023 година) пристигнати се вкупно 204 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (52 во 2021, 44 во 2022, 110 во 2023).

Во извештајниот период (2021-2023 година) има вкупно 8 жалби (1 во 2021 и 7 во 2023) доставени до Агенцијата за слободен пристап до информациитеод јавен карактер (АСПИ).

Во врска со информациите објавени во годишниот извештај за имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2021 година:

- Беа примени: 52 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Беше одговорено позитивно на: 52 барања за слободен пристап до информации;
- Нема одбиени и/или неодговорени барања за слободен пристап до информации;
- Има една жалба против првостепени одлуки (барателот на информацијата, незадоволен од доцна добиената информација поднесува жалба до Агенцијата. Бараната информација воопшто не е во надлежност на МЖСПП и истата беше препратена до соодветниот имател Министерство за транспирт и врски)
- Има една жалба усвоени со одлука на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ)
- Нема променети првостепени одлуки по дејствување на Агенцијата

Во врска со информациите објавени во годишниот извештај за имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година:

- Беа примени: 44 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Беше одговорено позитивно на: 44 барања за слободен пристап до информации;
- Нема одбиени и/или неодговорени барања за слободен пристап до информации;
- Нема нити една жалба против првостепени одлуки
- Нема нити една жалба усвоена со одлука на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ)

- Нема променети првостепени одлуки по дејствување на Агенцијата

Во врска со информациите објавени во годишниот извештај за имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2023 година:

- Беа примени: 110 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Беше одговорено позитивно на: 109 барања за слободен пристап до информации;
- Беше одбиено едно барње поради незавршена управна постапка, но после донесување на решение на АСПИ по жалба на барателот, доставени се бараните информации
- Нема неодговорени барања за слободен пристап до информации;
- Вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) се 7.
- Усвоени жалби со одлука на Агенвијата се 6.
- Преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата се 2.
- Број на одбиени жалби од Агенцијата е 1 (една). Причина за одбивање: МЖСПП остана на својот став за одбивање на барање на застарен документ (15 години) како дел од незавршен предмет, односно не завршил со донесување на Решение и истиот е беспредметен, бидејќи доколку во рок од 2 години не се донесе решение, се започнува нов предмет со нова документација)
- Нема променети првостепени одлуки по дејствување на Агенцијата

| **Прашање 10** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 4** |
|---|---|
| Прашање 10 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

www.moepp.gov.mk

https://www.moepp.gov.mk/ministerstvo/transparentnost/informacii-javen-karakter

Информации од јавен карактер | Министерство за животна средина и просторно планирање

www.aspi.mk

https:/aspi.mk/документи/годишни извештаи

Годишни извештаи | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

| | |
|---|---|
| **Прашање 11** | **Законски, регулативни и други мерки кои ги имплементираат одредбите за прибирање и дисеминација на информации за животната средина во член 5** |

| | |
|---|---|
| Прашање 11 | Наведете законски, регулативни и други мерки кои ги имплементираат одредбите за прибирање и дисеминација на информации за животната средина во Член 5. Објаснете како е имплементиран секој став од Член 5. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за недискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конктретно опишете:<br>(а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел да:<br>(и) властите поседуваат и ги ажурираат информациите за животната средина;<br>(ии) постои соодветен проток на информации за властите;<br>(иии) во вонредни состојби, соодветните информации се дисеминираат веднаш и без одлагање,<br>(б) Во однос на став 2, мерките преземени со цел начинот на кој властите овозможуваат достапност на информациите за животната средина за јавноста да биде транспарентен и пристапот до информациите за животната средина да биде ефикасен;<br>(в) Во однос на став 3, мерките преземени со цел информациите за животната средина прогресивно да стануваат достапни во електронските бази на податоци кои се лесно достапни за јавноста преку јавните телекомуникациски мрежи;<br>(г) Во однос на став 4, мерките преземени за објавување и дисеминација на националните извештаи за состојбите во животната средина;<br>(д) Мерките преземени за дисеминација на информациите наведени во став 5;<br>(ѓ) Во однос на став 6, мерките преземени да ги поттикнат операторите чии активности имаат значително влијание врз животната средина редовно да ја информираат јавноста за влијанието на нивните активности и производи врз животната средина;<br>(е) Мерките преземени за објавување и обезбедување информации како што се бара во став 7;<br>(ж) Во однос на став 8, мерките преземени за развивање на механизми во насока на обезбедување на јавноста да бидат достапни доволно информации за одреден производ;<br>з) Во однос на став 9, мерките преземени за воспоставување на национален систем на инвентари или регистри на загадувачи. |

Согласно Законот за животна средина во МЖСПП се воспостави Национален информативен систем, значи општа база на податоци околу статусот на сите медиуми и еколошки зони и го вклучува Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ) како и Катастар на ЖС.

**Член 40 - Национален информативен систем за ЖС**

(1) Со цел да се управува со податоците за состојбата на ЖС на територијата на РСМ, органот на државната управа надлежен за извршување на работи од областа на животна средина ќе воспостави, развие, одржува и координира Национален информативен систем за ЖС.

(2) Прашањата околу Информативниот систем ги решава органот на државната управа надлежен за извршување на работи од областа на животна средина - **Македонскиот информативен центар за ЖС - МИЦЖС.**

(3) Информативниот систем се воспоставува, развива, управува и координира на

начин што обезбедува база на релевантни податоци - сеопфатни, точни и јавно достапни информации за состојбата на природата, квалитетот и трендовите на сите медиуми на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање на интегрираното управување со заштитата на ЖС и/или индивидуалните медиуми или области на ЖС, како и за мониторинг на имплементацијата на документи за одржлив развој и заштита на ЖС.

(4) Информативниот систем опфаќа прибирање, обработка, систематизирање, складирање, употреба, дистрибуирање и презентирање на податоците и информациите добиени од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, од мониторингот кој го вршат правни и физички лица кои имаат извори на емисија на одделните медиуми и области на животната средина како и податоците од Регистаорт за Испуштање и Пренос на Загадувачи, Катастарот на ЖС и Националната листа на индикатори.

(5) Формата, содржината, начинот на чување и одржување на Националниот информативен систем за ЖС, формата и содржината на формуларите и роковите за поднесување на податоците и информации за состојбата на ЖС ќе бидат пропишани од страна на органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина, како и начинот на управување со овие податоци и нивното објавување од страна на Владата на РСМ по предлог на Министерот кој управува со органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на ЖС.

**Член 40-а Поднесување на податоци**

(1) Со цел постојано и ефикасно одржување и развој на Информативниот систем за ЖС, правните и физички лица кои прават мониторинг на ЖС како дел од државата и/или локалната мрежа и кои прибираат информации за ЖС се обврзани да ги поднесат овие податоци и информации до органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина на начин и постапка определени во Законот.

(2) Органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина може да побара од субјектите да поднесуваат повремено и/или периодично, обработени или необработени податоци и информации од ЖС кои ги поседуваат и кои се однесуваат на донесувањето на одлуки и имплементацијата на правните обврски поврзани со ЖС.

(3) Податоците и информациите, врз основа на барањето на органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина, може да бидат поднесени во писмена, визуелна, аудио, електронска и/или било која друга форма во која се наоѓаат.

(4) Органите на државната управа кои поседуваат информации, вклучувајќи и статистички податоци потребни за подготовката на извештаите за состојбата на ЖС од овој Закон се обврзани да ги ставаат истите на располагање бесплатно на органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина.

(5) Правните и физички лица кои прават мониторинг на ЖС се обврзани да му обезбедат на органот на државната управа надлежен за извршување на работи од обласа на животна средина непречен пристап и употреба на податоците кои се потребни за Националниот информативен систем за ЖС, бесплатно.

**Член 41 - Регистар за испуштање и пренос на загадувачи**

Органот на државната управа надлежен за извршување на работи од областа на животна средина ќе воспостави и одржува Регистар за испуштање и пренос на загадувачи, кој е составен дел од Катастарот за ЖС.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за извршување на работи од областа на животна средина ќе ја пропише формата, содржината, методологијата и начинот на одржување на Регистарот.

Општината, Градот Скопје и други општини можат да воспоставaт и одржуваат Регистар на загадувачи за нивните области. Податоците од Општинскиот регистар, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје, од Градоначалникот на Градот Скопје и градоначалниците во Градот Скопје, барем еднаш месечно, во согласност со овој Закон, ќе му бидат поднесени на органот на државната управа надлежен за извршување на работи од областа на животна средина.

Правните и физички лица се одговорни да воспостават податоци за подготовката и одржувањето на Регистарот на загадувачи во согласност со овој Закон и во согласност со издадените интегрирани еколошки дозволи. Управувачите на погони кои се извор на емисии и загадуваат еден или повеќе медиуми во ЖС и нејзините области се обврзани, во согласност со посебните закони, да ги следат изворите на емисија, во ЖС на медиумите и податоците да ги доставуваат до Националниот иформативен систем за ЖС.

Во зависност од нивната функција, субјектите се должни, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да ги прошират, да бидат достапни на јавноста и да се одржуваат, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација. Исто така, тие се должни да овозможат учество на јавноста во текот на изготвувањето на закони, прописи и други правни акти. МЖСПП се грижи за ширење на информации за животната средина и за обезбедување на полесен пристап до информациите за животната средина кои ги поседуваат другите министерства, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и другите органи и субјекти.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на:

- Факторите, како што се материјата, енергијата, нуклеарните горива и нуклеарната енергија, бучавата, радијацијата или отпадот, вклучувајќи го и радиоактивниот отпад, емисиите и другите облици на испуштања во животната средина кои влијаат или би можеле да влијаат на медиумите на животната средина и на здравјето на човекот;
- Состојбата на медиумите и областите на животната средина, како што се воздухот и атмосферата, водата, почвата, земјиштето, биолошката и пределската разновидност, вклучувајќи ги и генетски модифицираните организми, како и меѓусебната интеракција на овие елементи;
- Мерките, вклучувајќи ги и административните, како што се: политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно да влијаат врз медиумите и врз факторите на

животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи;

- Извештаите за имплементацијата на законите кои се однесуваат на животната средина;
- Состојбите поврзани со здравјето и со безбедноста на луѓето, безбедноста на прехранбените производи, вклучувајќи го и влијанието на загадувањето во ланецот на исхраната, условите за живот
- на луѓето, местата од значење за културата и изградените објекти, во мерка во којашто тие се под влијание или би можеле да бидат под влијание на медиумите на животната средина или преку влијанијата на тие медиуми врз кои било од состојбите на погоренаведените елементи и фактори.

Проектот "Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за имплементација и спроведување на законската регулатива за управување со отпад", финансиран од ИПА програмата воспостави Национален информативен систем за управуавање со отпад. Информативниот систем може да го најдете на интернет.

Националниот информативен систем за квалитет на воздух беше имплементиран во рамки на твининг проектот финансиран од ИПА "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво во управувањето со животната средина во областа на квалитетот на воздухот". Проектот воспостави ефикасен национален систем за информации поврзани со ЖС во областа на квалитетот на воздухот.

Информативниот систем се одржува и организира на начин кој овозможува база на релевантни податоци - сеопфатни, точни и јавно достапни информации за состојбата на природата, статусот и квалитетот на медиумите од областа на ЖС и други области поврзани со ЖС, бучавата, јонизирачка и нејонизирачка радијација, вклучително електромагнетна радијација, како и предвидувања преку употреба на техники на моделирање. Информативниот систем вклучува систематизација, чување и употреба на податоците стекнати од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, мониторингот извршен од операторите, но и законски се обврзани да го прават тоа, со посебните медиуми од ЖС и области како и податоците од Регистарот за загадувачи и супстанци, односно, податоците од Катастарот на загадувачи на ЖС.

Сопствениците т.е. корисниците на инсталациите кои се извор на емисии и загадуваат еден или неколку медиуми и области на ЖС, се обврзани, во согласност со посебен закон, да извршуваат мониторинг на изворите на емисии, во медиумот на ЖС и да ги поднесуваат тие податоци во информативниот систем во рамки на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Понатаму, обврзани се да употребуваат уреди и инструменти кои се одобрени во постапката за верификација на мерките, пропишана со закон и да ги одржуваат уредите и опремата за мониторинг во функционална состојба.

Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС), во соработка со други органи, секоја година подготвува извештај на обработени податоци за квалитетот на ЖС, секои две години подготвува Извештај со индикатори, а секои четири години подготвува извештај за состојбата на ЖС во Република Северна Македонија. Овие извештаи се на располагање на веб страната на МЖСПП и се испраќаат до сите релевантни и заинтересирани институции. Дополнително, во

соработка со Државниот завод за статистика, секоја втора година се подготвува публикацијата Статистика во ЖС, која може да ја најдете на веб страните на двете институции. Исто така, Македонскиот информативен центар за животна средина годишно подготвува популарни брошури за индивидуалните медиуми од ЖС (вода, воздух, отпад) како и тематски брошури.

Извештаите се подготвуваат во согласност со Правилникот за содржината на извештаите за состојбата на ЖС (Службен весник на РСМ, бр. 35/06).

Регистарот за Испуштање и Пренос на Загадувачи (РИПЗ) е сеопфатна база на податоци за националните емисии и пренос на загадувачи во Република Северна Македонија. РИПЗ е регистар на годишно ажурирани податоци за емисиите од 91 загадувач на медиумите од ЖС (воздух, вода и почва) како и нивниот пренос надвор од местото на креирање. Порталот на РИПЗ обезбедува пристап до регистарот за РИПЗ и содржи информации и податоци за превенција и контрола на загадувањето на ЖС, загадувачите и нивното влијание на човековото здравје. Македонскиот информативен центар за ЖС (МИЦЖС) е интегриран со РИПЗ.

| **Прашање 12** | **Пречки пресретнати при имплементацијата на Член 5** |
|---|---|
| Прашање 12 | Опишете ги пречките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 5 |

Национален систем на инвентаризација на емисии во воздух (GHG инвентарот) и CLRTAP инвентарот се подготвуваат одделно од различни тимови.

Во претходниот период, работата на GHG инвентарот беше поддржувана од проекти на УНДП, но преносот на знаење кон македонските експерти и транспарентноста на GHG инвентарот се ограничени. Препорачан чекор нанапред, во смисла на заштеда на ресурси како и во смисла на постигнување на максималната ефикасност и квалитет на работа, е интегрирање на инвентарите на загадувачите на воздухот со емисиите на стакленички гасови во сеопфатен редовен годишен програм, како и назначување на секторски експерти кои ќе бидат одговорни за развивањето на GHG инвентарот и инвентарот на супстанции кои загадуваат во воздухот во нивната област на експертиза (енергија, транспорт, индустрија и употреба на производи, земјоделие, употреба на земја и отпад). Ова ќе ја подобри постојаноста и точноста на инвентарот (на пример, ќе се користат истите податоци), ефикасноста ќе се зголеми (на пр. треба да биде воспоставен само еден систем за обезбедување на квалитет / контрола на квалитет) и ќе се обезбеди централизирана база на знаења за инвентарите.

- Непостоење на национален систем во кој би се содржале сите достапни податоци за медиумите за животна средина (во моментот постојат поединечни бази на податоци);
- Недостаток на капацитети со цел правото на пристап до информациите за животната средина да се остварува во однос на сите информации во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма;
- Недостаток на финансиски ресурси потребни заради собирање и дисеминација на податоци и информации, отворање и опремување на информативни пунктови и

− Потреба од зајакнување на капацитетите на невладиниот сектор.

| **Прашање 13** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 5** |
|---|---|
| Прашање 13 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за собирање и дисеминација на информации за животната средина во Член 5, пр. дали постојат достапни статистички податоци за објавените информации? |

Во согласност со Законот за ЖС, досега се развиени Информативни системи за 3 медиуми: квалитет на воздухот, управување со отпад и биодиверзитет а спроведен е проект преку ИПА програмата во рамките на кој што е подготвен национален систем за животна средина кој што ќе ги обедини предходните системи и е во фаза на тестирање. Имплементираните решенија се веб базирани што значи дека преку соодветен кориснички интерфејс се најавуваат корисниците на системот. Податоците се јавно достапни на интернет.

Националниот информативен систем за квалитет на воздухот се имплементира како дел од твининг проектот финансиран преку ИПА "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво во управувањето со животната средина во областа на квалитет на воздухот". Проектот воспостави ефикасен национален информативен систем за ЖС во областа на квалитет на воздухот. Со поддршката на проектот финансиран од УНДП беше воспоставен Националниот информативен систем за биодиверзитет.

Националниот информативен систем за биодиверзитет служи за да споредува, управува, анализира и шири податоци и информации за македонскиот биодиверзитет. Служи како клучен контакт за размена на податоците помеѓу владините органи, невладините организации, институциите за истражување и волонтерите. На информативниот систем може да му се пристапи онлајн. Проектот "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво во управувањето со животната средина во областа на квалитет на воздухот" финансиран преку ИПА програмата, го воспостави Националниот информативен систем за управување со отпад (EWMIS).

EWMIS има главно за цел да прибира податоци за општински отпад на локално, регионално и централно ниво. Овој електронски информативен систем не е целосно оперативен заради несоодветноста на законската регулатива, исто така и соодветно на начинот и формата на прибирање на податоци запишани во Правилникот за формата и содржината на весникот за управување со отпад, формата и содржината на формуларот за идентификација и транспорт на отпад и формуларот за управување со отпад на годишниот извештај за третман на отпад.

EWMIS не ја следи законската регулатива за прибирање на податоци за пакување, отпадни батерии и акумулатори, отпад од стари возила, отпаден текстил, отпадни масла, отпсадни гуми и електричен и електронски отпад. Начинот и методологијата за прибирање на наведените податоци за различни видови на отпад се наведени во посебни закони и регулатива. По ратификацијата на протоколот за испуштање и пренос на загадувачи до сега, Регистарот постојано се одржува и ажурира со употребувањето на онлајн алатката на РИПЗ која е наменета за објавување на податоци за ЖС од страна на сите регистрирани оператори со РИПЗ во МЖСПП. Податоците кои ги внесуваат операторите преку РИПЗ онлајн се

објавуваат на националниот веб портал за РИПЗ (http://ripz.moepp.gov.mk/).

Порталот обезбедува пристап на јавноста до податоците за емисиите и загадувањето на медиумите на ЖС, како и други релевантни прашања поврзани со ЖС. Македонскиот информативен центар за ЖС (МИЦЖС), во соработка со други релевантни национални институции, подготвува Годишен извештај за обработените податоци за квалитетот на ЖС, подготвува Извештај за индикатори на ЖС секои две години, а подготвува и Извештај за статусот на ЖС во РСМ секои четири години. Врз основа на прибраните податоци за ЖС, МИЦЖС исто така подготвува тематски месечни и годишни извештаи, на пример, Месечниот извештај за квалитет на воздухот. Годишен извештај за инвентар кои ги споменува аспектите на емисии во воздухот и се објавува годишно.

Извештаи за проценка на квалитеот на воздухот исто така се подготвуваат, како дополнителни напори да ја надополнат расположливоста на тематските проценки. Потоа, во соработка со Државниот завод за статистика, секоја втора година, се подготвува публикацијата на Статистика за ЖС, а која е на располагање на веб страните на тие две институции. МИЦЖС исто така ги подготвува популарните тематски брошури за индивидуалните медиуми на ЖС (вода, воздух, отпад, итн.) на годишна основа. Официјалните извештаи ги има на страната на МЖСПП и се испраќаат до Секторот за односи со јавноста заради пристап до различните општествени чинители и општата јавност. Поголемиот дел од информации се објавени на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање: податоци за загадувањето на воздухот, извештај за состојбата со ЖС итн.

Соработката помеѓу Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање е од основно значење за правилното конципирање и спроведување на политиката за односот животна средина - здравјето на луѓето. Министерството за здравство преку Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје учествува во следењето на загадувањето на животната средина, односно во мониторингот на загадувањето на воздухот, водата, прехранбените продукти, во мониторингот и заштитата на популацијата од штетните ефекти на гасовите, јонизирачкото зрачење, бучава и надзор на хигиено-епидемиолошката состојба на населението. Јавните здравствени организации кои се вклучени во мониторингот се обврзани да доставуваат редовно податоци до МЖСПП.

Во Институтот за јавно здравје и 10 регионални заводи за здравствена заштита, постојат служби за хигиена и здравствена екологија од кои во Скопје и Велес има редовен мониторинг на квалитетот на воздухот, а во останатите се испитуваат параметри од аспект на заштита на човековото здравје како и здравствената исправност на водата за пиење и површинските води. Овие активности се одвиваат по усогласена методологија и динамика во согласност со постојната регулатива, а во форма на програмски задачи. Регионалните заводи ги обработуваат и ги доставуваат податоците од

мониторингот на воздухот, водата за пиење и површинските во вид на месечни и шест месечни годишни извештаи до ИЈЗ. Исто така во вид на месечни извештаи ги доставуваат до МЖСПП. Во врска со податоците за бучавата во ЖС, соодветните информации се прибираат од канцелариите за јавно здравство во градовите Битола, Куманово и Кичево.

Институтот за јавно здравје на почетокот од секоја година изготвува збирен

годишен извештај. МЖСПП, во согласност со Законот за ЖС, Член 46, има обврски да ги известува меѓународните органи и да им ги доставува соодветните тематски податоци, информации и извештаи. Обврските за известување, како национални така и меѓународни, ги извршува МИЦЖС, кој е исто така Национален координатор за соработка со Европска агенција за животна средина (ЕЕА).

МИЦЖС од 1998 година учествува во редовните активности на ЕЕА и EIONET мрежата од тематски експерти, а преку номинираните национални референтни центри, односно, тематски експерти, координаторот редовно известува со податоци и информации од повеќе медиуми во животната средина во Република С. Македонија.

Националните референтни центри се експерти од повеќе национални институтиции, чии што обврски за навремено доставање на релевантните податоци до ЕЕА, се оценуваат според усвоени критериуми – Priority Data Flow – односно, преку редовен проток на приоритетни податоци за состојбата на животната средина. Сите податоци доставени до ЕЕА, се од јавен карактер и се достапни до јавноста, како преку бројните публикации, така и на интегрираната веб страна на ЕЕА. Јавноста во Република С. Македонија има можност да ги користи истите податоци и да се информира за состојбата на одредени медиуми во животната средина, како и компаративно да ги согледува состојбите во другите земји во Европа.

| **Прашање 14** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 5** |
| --- | --- |
| Прашање 14 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

http://www.moepp.gov.mk/

http://airquality.moepp.gov.mk/

http://air.moepp.gov.mk

http://ewmis.moepp.gov.mk

http://nbis.moepp.gov.mk

http://ripz.moepp.gov.mk

| **Прашање 15** | **Законски, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за учество на јавноста во донесувањето на одлуки за посебни активности во Член 6** |
| --- | --- |
| Прашање 15 | Наведете законски, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за учество на јавноста во донесувањето на одлуки за посебни активности во Член 6. Објаснете како се имплементирани ставовите од Член 6. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за недискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конкретно опишете:<br>(а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел:<br>(и) Одредбите од Член 6 да се применуваат во однос на одлуките дали да се дозволат предложените активности наведени во Анекс I од Конвенцијата; (ии) Одредбите од Член 6 се применуваат на одлуките за предложените активности што не се наведени во Анекс I, а кои може да имаат значително влијание врз |

животната средина

б) Мерките преземени со цел засегнатата јавност на почетокот на процедурата за донесување одлуки поврзани со животната средина, да биде информирана на соодветен, навремен и ефикасен начин, за темите наведени во став 2;

(в) Мерките преземени со цел временските рокови за процедуритре за учество на јавноста да ги исполнуваат барањата од став 3;

(г) Во однос на став 4, Мерките преземени со цел рано вклучување/учество на јавноста;

(д) Во однос на став 5, мерките преземени да ги поттикнат перспективните апликанти за идентификација на јавноста која е засегната, да влегуваат во дискусии, како и да обезбедуваат информации во однос на целите за нивно аплицирање пред аплицирањето за дозвола;

(ѓ) Во однос на став 6, мерките преземени да обезбедат:

Компетентните власти и' ги даваат на засегнатата јавност сите информации релевантни за процесот на донесување одлуки наведен во Член 6 кои се достапни во периодот на спроведувањето на процедурата за учество на јавноста;

(ии) Конкретно, компетентните власти и' ги даваат на засегнатата јавност информациите наведени во овој став;

(е) Во однос на став 7, мерките преземени со цел процедурите за учество на јавноста да и' дозволуваат на јавноста да поднесува коментари, информации, анализи или мислења кои ги смета за релевантни за предложената активност; (ж) Во однос на став 8, мерките преземени со цел при донесувањето на одлуката да се води сметка за исходот од учеството на јавноста;

(з) Во однос на став 9, мерките преземени со цел јавноста да биде навремено информирана за одлуката во согласност со соодветните процедури;

(ѕ) Во однос на став 10, мерките преземени со цел кога властите ги разгледуваат или ажурираат оперативните услови за активноста наведена во став 1, да се применуваат одредбите од ставовите 2 до 9 за да се направат неопходните промени, онаму каде што е соодветно;

(и) Во однос на став 11, мерките преземени за примена на одредбите од Член 6 на одлуката дали да се дозволи намерно ослободување на генетски модифицирани организми во животната средина;

Законот за животна средина е основниот дел од законодавството кој го регулира учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки за активностите наведени во Член 6 од Архуската Конвенција.

Следните подзаконски акти се поврзани со учеството на јавноста:

<u>Оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС)</u>

- Одлука и Одлука за дополнување на одлуката за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието на животната средина. (Службен весник на РМ, бр. 74/05, 35/06).
- Правилник за информациите што треба да ги содржи известувањето за

намерата за изведување на проектот и постапката за утврдувањеод на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. (Службен весник на РМ, бр. 33/06).

- Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. (Службен весник на РМ, бр. 33/06).
- Правилник за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и
- постапката за овластување на лицата од Листата на експерти за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, кои ќе го изготват извештајот. (Службен весник на РМ, бр. 33/06).
- Правилник за содржината на објавата на известувањето за намерата за спроведување проект, на решението за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и на решението со кое се дава согласност или се одбива спроведувањето на проекто како и начин на консултирање на јавноста. (Службен весник на РМ, бр. 33/06).

<u>Интегрирано спречување и контрола на загадување (ИСКЗ)</u>

- Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план. (Службен весник на РМ, бр. 89/05).
- Правилник за постапката за издавање дозвола за усогласување со оперативен план. (Службен весник на РМ, бр. 04/06).
- Правилник за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола. (Службен весник на РМ, бр. 04/06).
- Правилник за постапката за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола. (Службен весник на РМ, бр. 04/06).

<u>Генетски модифицирани организми (ГМО)</u>

- Правилник за содржината на информациите неопходни за спроведување на оценувањето на ризикот како резултат на намерното ослободување на ГМО соодветни за карактерот на внесениот организам и животната средина. (Службен весник на РМ, бр. 148/09).
- Процедурата за ОВЖС е дефинирана во Законот за животна средина и регулативата која произлегува од него. Предмет на оцената на влијанијата врз животната средина се проектите кои поради нивниот карактер, цел или локацијата на којашто се изведуваат можат да имаат значително влијание врз животната средина. Оцената се врши задолжително, врз основа на критериуми со кои се утврдува потребата од оценување на влијанието врз животната средина, како и врз други, генерално определени проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина. Потребата од оценување на влијанието врз животната средина се утврдува со испитување на секој одделен случај врз основа на карактерот, големината и локацијата согласно

пропишаните критериуми, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на ослободувањата во животната средина.

Органот на државната власт надлежен за извршување на работи од областа на животна средина има обврска:

- да го огласи известувањето за намерата на инвеститорот за изведување на проект, и тоа во два национални дневни весника и на Интернет страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- да го огласи решението за утврдување на потребата од оцена на влијанието врз животната средина, и тоа во два национални дневни весника, на Интернет страната, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- да објави дека студијата за оцена на влијанието врз животната средина е подготвена и достапна за јавноста во два национални дневни весника, на локалната радио и ТВ станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- да го објави извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина, и тоа во два национални весници и на интернет страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- да го објави решението за одобрување или за неодобрување на реализација на проектот во два национални дневни весника, на Интернет страната, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- да го објави местото и времето на одржување на јавната расправа по однос на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина и да обезбеди достапност на информациите кои и се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, во два национални дневни весника и на локалната радио и ТВ-станица;

По барање на странска држава, информациите наведени погоре, се достапни за надлежните органи на странската држава, во согласност со ЕСПО Конвенцијата.

Законот за ЖС предвидува и дека во рок од седум дена од денот на приемот на барањето за издавање на интегрирана еколошка дозвола, МЖСПП е должно да го објави барањето во два дневни весника кои се достапни на целата територија на Република С. Македонија и на својата Интернет страна, како и во рок од 15 дена од објавувањето на барањето, да и обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите, во согласност со одредбите од овој закон. Секое лице, органите на државната власт, како и општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, можат да го достават своето мислење, во писмена форма, до МЖСПП во рок од 30 дена од денот на објавувањето на апликацијата за интегрирана еколошка дозвола. МЖСПП е должно да ги земе во предвид мислењата при издавање на дозволата.

Единиците на локалната самоуправа обезбедуваат учество на јавноста и пристап до сите релевантни информации, во постапката за издавање на Б интегрирани

еколошки дозволи. Во рок од 30 дена од објавувањето на барањето за издавање на интегрирана дозвола, засегнатата јавност може да ги достави своите мислења и ставови во писмена форма.

При изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, МЖСПП е должно во образложението на А-интегрираната еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за тоа. На барање на засегната јавност инвеститорот е должен да организира јавна расправа.

Законот се заснова меѓудругото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република С. Македонија, граѓаните на Република С. Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Намерното ослободување на ГМО во животната средина е регулирано во глава 5.1 Намерно ослободување на ГМО или комбинација од ГМО во животната средина во Законот за генетски модифицирани организми. Согласно член 34 од Законот, секој нотификатор пред да изврши намерно ослободување во животната средина мора да поднесе нотификација до Министерството за животна средина и просторно планирање која особено содржи техничка документација во која се содржани информации неопходни за спроведување на оценувањето на ризикот како резултат на намерното ослободување на ГМО и процена на ризикот.

Министерството во рок од пет дена од денот на приемот на комплетната нотификација е должно да објави кратка содржина на интернет страната и да ја објави во два дневни весника на територијата на Република Северна Македонија. Јавноста своето мислење може да го достави во рок од 30 дена

од денот на објавување. Министерството е должно да обезбеди увид на јавноста во податоците од нотификацијата, процената на ризикот, извештајот за процена на ГМО како и во други информации кои ја следат нотификацијата. Министерството е должно при издавање на дозволата да ги земе предвид навремено доставените мислења и коментари. Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 90 дена од денот на приемот на комплетната нотификација издава дозвола за намерно ослободување на ГМО или со решение ја одбива нотификацијата доколку не се исполнети условите за намерно ослободување на ГМО.

| **Прашање 16** | **Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 6** |
|---|---|
| Прашање 16 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 6 |

- Недоволни административни капацитети
- Недоволни финансиски ресурси,
- Недостаток на капацитети на сите релевантни субјекти во процесот,
- Зголемување на персоналните капацитети на Министерството за животна средина и просторно планирање за обезбедување на учество на јавноста при реализација на проекти, особено кога е потребно да се спроведе национална и

прекугранична процедура за оценка на влијанието врз животната средина, од причина што е неопходно на јавноста да и се обезбеди доволно време за информирање и подготовка за ефикасно учество во текот на донесување на одлуки за животната средина.

- Постоечките институционални и други капацитети на МЖСПП и надлежните органи на локална самоуправа не се доволно развиени; затоа е неопходно да се имплементираат мерките насочени кон нивното зајакнување. Реакциите на граѓанските здруженија посочуваат дека недоволниот капацитет, особено на локално ниво, често се искористува со цел да се провлекуваат помалку добро аргументираните студии и да се добиваат дозволи.
- Недоволно учество на јавноста во постапките за ОВЖС на локално ниво. Недостатокот на обврски за информирање на засегнатата јавност за оценките во писмена форма можеби е еден од факторите кои придонесуваат кон тоа. Одредени невладини организации изјавуваат дека учеството на јавноста е недеоволно бидејќи одлуките се усвоени без разлика на адекватните забелешки.
- Најчестите препреки и проблеми при имплементацијата на регулативата поврзана со учеството на јавноста во донесувањето на одлуки кои влијаат на оценките на влијанието на ЖС се недоволното учество на јавноста заради неинформираност, незаинтересираност, задоцнето вклучување во текот на случајот по истекувањето на роковите за право на поднесување на жалба, како и недостаток на доверба во работата на надлежниет органи во врска со заштитата на нивните интереси.

| **Прашање 17** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 6** |
|---|---|
| Прашање 17 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлучувањето за посебните активности од Член 6, пр. дали постојат достапни статистички податоци или други информации за учество на јавноста во одлучувањето за посебните активности или во одлучувањето за непримена на одредбите од овој Член на предложените активности кои служат за целите на националната одбрана |

Согласно Законот за животна средина и соодветните подзаконски акти Министерството ги спроведува обврските од одредбите за вклучување на јавноста во процесот на донесување на одлуки. Јавноста е информирана уште во раните фази односно во фаза на планирање на активности, што подразбира донесување на законска регулатива, планови, програми, стратегии, проекти, дозволи и постапките за спроведување оцена на влијние врз животната средина. Исто така, на барање на засегнати страни се организираат и јавни расправи при што согласно законските обврски земени се предвид резултатите од учеството на јавноста.

Во извештајниот период реализирани се 18 јавни расправи во однос на ОВЖС. Некои од нив се наведени:

- Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад, Русино, општина Гостивар

- Студија за оцена на влијанието врз животната средина-Проект за реставрација на Река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина-Проект за изградба на државен пат А3 делница Битола - Граничен премин Меџитлија
- Студија за ОВЖС за Проектот: "Измена на методот за откопување во наоѓалиштето Свиња река – примена на метод на откопување со заполнување на откопните простори и суво одлагање на јаловината во рудник САСА" ДООЕЛ, општина Македонска Каменица
- Студија за оценка на влијанието врз животната средина на проект: "Изградба на живинарска фарма за одгледување на бројлери – КО Зубовце, Општина Врапчиште"
- Студија за оценка на влијанието врз животната средина за проект: Реконструкција и адаптација на објекти во комплекс за производство на пилешко месо, одгледувалиште на родителски јата и јата несилки "Гиновци", инкубаторска станица "Гиновци" и одгледувалиште за бројлери "Псача"
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина на проект за Изградба на инсталација за интензивно живинарство – одгледување на бројлери на територијата на Општина Врапчиште
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина за инфестициски проект „Воспоставување на интегриран и финасиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски и Југозападен регион
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина проект за изградба на колекторски систем, рехабилитација на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Битола
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина проект за изградба и реконструкција на колекторски и канализациони системи и изградба на пречистителна станица за отпадни води за агломерација Тетово
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина проект Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри
- Студија за оцена на влијание врз животната средина запроект – Инсталирање на постројка за производство на електрична енергија во Еуроникел Индустри во општина Кавадарци, за потребите на инвеститорот "ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ" ДОО од Кавадарци

Во извештајниот период, поточно во 2023 година, има објавено едно известување за постапки кои подлежат на прекугранични консултаци. Ова известување се однесува на проектот хидро-систем Лепенец. МЖСПП се уште нема спроведено консултација со јавноста во Република Северна Македонија.

| **Прашање 18** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 6** |
| --- | --- |
| Прашање 18 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

www.moepp.gov.mk

Известување за намера за изведување на проекти | Министерство за животна средина и просторно планирање

[Студии за ОВЖС | Министерство за животна средина и просторно планирање]

[Записници од јавни расправи | Министерство за животна средина и просторно планирање]

[Прекугранични влијанија / Transboundary EIA procedures | Министерство за животна средина и просторно планирање]

| **Прашање 19** | **Практични и/или други одредби наменети за јавноста да учествува во подготвувањето на плановите и програмите поврзани со животната средина согласно Член 7** |
|---|---|
| Прашање 19 | Наведете ги соодветните практични и/или други одредби наменети за јавноста да учествува во подготвувањето на плановите и програмите поврзани со животната средина согласно Член 7. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и побарувањата за недискриминација во Член 3, став 9 |

Законот за животна средина е основиот дел од законодавството кој го регулира учеството на јавноста во процесот на подготвување на плановите и програмите поврзани со животната средина наведени во Член 7 од Архуската Конвенција.

*следните подзаконски акти се поврзани со учеството на јавноста во процесот на подготвување на плановите и програмите поврзани со животната средина:

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС)

- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Службен весник на РМ, бр. 153/07).
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Службен весник на РМ, бр. 144/07).
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Службен весник на РМ, бр. 153/07).
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на РМ, бр. 147/08).
- Учеството на јавноста во подготвувањето на планови и програми од областа на животната средина е уредено со Законот за животна средина во глава 9, Планирање на заштитата на животната средина каде е уредено учеството на јавноста во постапката за донесување на плански документи, изготвување на прописи и учество на јавноста во постапката. Во член 61 од Законот е пропишана обврска за органите на државната управа и органите на единиците на локална самоуправа, при подготовката, донесување, изменување или ревидирање на планови и програми да ја известат јавноста по пат на известувања или на друг соодветен начин со цел да и овозможат на јавноста да учествува во постапката за одлучување по планови и програми. Овие прашања се подетално регулирани во Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина.

Во глава Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина во член 65 од Законот е дефинирано сите плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитени подрачја прогаласени со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја се спроведува стратегиска оцена. Стратегиите, плановите и програмите за кои се спроведува стратегиска оцена се пропишани во Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Пред започнување на постапката за усвојување на планскиот документ и во рок од пет дена од комплетирањето на извештајот за животната средина, органот кој го подготвува планскиот документ, објавува информации кои се однесуваат на нацрт-планскиот документ и извештајот за животната средина, заедно со информација за постапката за учество на јавноста. Органот е должен истовремено нацрт планскиот документ и извештајот за животна средина да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, како и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физички лица и јавноста можат да го изразат своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето односно објавувањето на информациите во врска со документите. Органот е должен да ги земе предвид во изработката на планскиот документ и мислењата добиени во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина за што подготвува посебен извештај.

Согласно член 93 од Законот за животна средина во случај на прекугранична соработка, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со надлежниот орган на засегнатата држава, е должен да создаде услови за информирање на јавноста и за добивање мислења и коментари од засегнатата јавност на засегнатата држава, исто како и за домашната јавност, во согласност со законите на Република С. Македонија. Информациите добиени од засегнатата држава, заедно со коментарите од нејзината јавност органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги зема предвид при донесување на решението за одобрување на спроведувањето на проектот.

Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина добие известување од друга држава дека има сознание за тоа дека во РСМ би се спроведувал проект кој би можел да има значително прекугранично влијание, а за кој проект засегнатата држава не била известена од страна на РСМ во согласност со овој закон е должен, доколку оцени дека постои прекугранично влијание, да ја вклучи другата држава во постапката за оцена на влијанието врз животната средина во согласност со овој закон.

| | |
|---|---|
| **Прашање 20** | **Можности за учество на јавноста во подготвување на политиките кои се однесуваат на животната средина пропишани според Член 7** |
| Прашање 20 | Објаснете какви можности постојат за учество на јавноста во подготвување на политиките кои се однесуваат на животната средина пропишани според Член 7 |

Учеството на јавноста при изготвувањето на планските документи е утврдено со повеќе законски акти и во поглед на сите стратешки, плански и програмски документи. Овие документи се донесуваат во две фази: нацрт и предлог фаза. Нацртите на документите се објавуваат и се организира јавна и стручна расправа околу нивната содржина. Мислењата, забелешките и сугестиите добиени од расправата задолжително се земаат предвид при дооформувањето на текстот на документот, кој како Предлог се доставува за конечно усвојување.

Најчесто користени начини на вклучување на јавноста уште во раната фаза на изработка на документите е преку нивно вклучување во работните групи како и редовно објавување на планските документи на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и преку одржување на јавни расправи во однос на планскиот документ.

<u>Закон за квалитет на амбиентниот воздух</u>

Член 33, Известување и учество на јавноста, од Законот за квалитет на амбиентниот воздух, пропишува дека Градоначалникот на општината и на градот Скопје се должни да ги преземат сите мерки за да ја информираат јавноста и да обезбедат пристап до информациите и учество во врска со подготовката и усвојувањето на планските документи: Планот за квалитет на воздухот и краткорочниот Акциски план во согласност со постапката воспоставена во Законот за животна средина која се однесува на донесувањето на плански документи.

<u>Закон за заштита на природата</u>

Начело на учество на јавноста - јавноста има право на слободен пристап до информациите за состојбата на природата, право на навремено известување за настанатите штети во природата и преземените активности за отстранување на штетите, како и право на учество во одлучувањето во врска со заштитата на природата (Член 7, Начела за заштита на природата)

Член 156, Учеството на јавноста при одлучувањето за прашањата од областа на заштита на природата, од Законот за заштита на природата, обезбедува учество на јавноста во изготвувањето на прописите и документите кои произлегуваат од одредбите на овој закон, а особено за: актите за прогласување заштитено подрачје, просторно планската документација за заштитено подрачје, плановите за управување со заштитено подрачје, плановите и проектите за користење на природното богатство кои имаат влијание врз природата. Јавноста се известува со јавен оглас или поединечно известување до заинтересираните субјекти за актот или дејноста кои можат да влијаат на состојбата на природата. Известувањето на јавноста е задолжително во случаите пропишани со овој закон.

Националната стратегија за заштита на природата се донесува во постапка која

обезбедува учество на јавноста во одлучувањето (Член 159, Закон за заштита на природата).

Петгодишните планови за заштита на природата и едногодишните програми за заштита на природата ги подготвува и донесува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, во постапка која обезбедува учество на јавноста, а по претходно прибавено мислење на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата. (Член 160, Закон за заштита на природата).

Закон за заштита од бучава во животната средина

(Член 18, Учество на јавноста при планирањето на заштитата од бучава во животната средина) При изготвување на акционите планови за бучава надлежните органи организираат јавна расправа на која може да учествуваат сите заинтересирани субјекти: органите на државната управа, правни и физички лица, јавни установи, научни и стручни институции, граѓански здруженија, урбани заедници, општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје како и други заинтересирани субјекти. Надлежните органи за изработка на акционите планови за бучава во животната средина овозможуваат увид на јавноста по Предлогот на акционите планови за бучава во временски период од 30 работни дена, пред одржувањето на јавната расправа. Тие ги информираат субјектите преку средствата за јавно информирање: објава во најмалку еден весник кој се издава на целата територија на РСМ и/или на друг соодветен начин, за местото каде што може да се изврши увид во предложените акциони планови за бучава, заедно со информацијата за постапката за учество на јавноста, како и за начинот, местото и датумот за спроведување на јавната расправа. Надлежните органи за донесување на акционите планови за бучава се должни при изработката на планскиот документ да ги земат предвид мислењата на јавноста, за што подготвуваат посебен извештај, кој е составен дел од документацијата за усвојување која се доставува до органот надлежен за нивно усвојување. Начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста во постапката на изготвување на акционите планови за бучава и начинот на подготвувањето на извештајот од јавната расправа се спроведуваат согласно со одредбите за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од Законот за животната средина.

Закон за водите

(Член 5, Начела за одржливо управување со водите)

Начело на учество на јавноста и пристап до информации - јавноста треба да има пристап до сите информации кои се однесуваат на состојбата со водите и управувањето со водите, а особено до информациите кои се потребни за нејзино учество во постапката за донесување на одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите.

Начело на учество на заинтересираните страни - надлежните органи се должни да обезбедат дека во постапката за донесување на прописите, стратегиските, планските или програмските документи и одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите, ќе се земат предвид интересите на сите заинтересирани страни.

(Член 35, Објавување на барањето и учество на јавноста во постапката за издавање на дозволата)

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето е должен да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република С. Македонија, на својата интернет страна. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да и обезбеди на јавноста пристап до информациите потребни за оформување на мислењата и ставовите, во согласност со Законот за животната средина. Јавноста може да ги изрази своите мислења и забелешки во врска со барањето во рок од 15 дена од објавувањето.

(Член 62, Национална стратегија за води)

Учеството на јавноста во постапката за донесување на Националната стратегија за води, се врши под услови и на начин утврдени во Законот за животната средина.

(Член 64, Изработување, ревидирање и ажурирање на Водостопанската основа и информирање и консултирање со јавноста)

Учеството на стручната јавност во изработката на Водостопанската основа, не ја заменува постапката за учество на јавноста при донесување на плански документи утврдена согласно со Законот за животната средина.

(Член 66, Планови за управување со речни сливови) го пропишува учеството на јавноста при одготвувањето на планови.

(Член 223, Совет за управување со подрачјето на речен слив). Во овие Совети се именувани и учествуваат на работни состаноци претставници од невладини организации.

<u>Закон за генетски модифицирани организми</u>

(Член 12, Консултации со јавноста и известување)

Јавноста и здруженијата на граѓани можат своето мислење за нотификацијата за добивање на дозвола за ограничено користење на ГМО, нотификацијата за добивање на дозвола за намерно ослободување на ГМО во животната средина и нотификацијата за добивање на дозвола за пуштање на ГМО производи на пазар да го достават до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од 30 дена од денот на објавувањето.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да им овозможи увид на јавноста и здруженијата на граѓани, во податоците од нотификацијата, вклучително и планот за итни случаи, извештајот за процена на ГМО производот, мислењето добиено од Научниот комитет за ГМО, мислењата добиени од другите надлежни органи, како и други информации што ја следат нотификацијата.

Начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ограничено користење на ГМО, за намерно ослободување на ГМО во животната средина, за пуштање на ГМО на пазар, како и на други информации поврзани со користењето на ГМО ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. При издавање на дозволата за ограничено користење на ГМО, дозволата за намерно ослободување на ГМО во животната средина, како и/или дозволата за пуштање на ГМО производи на пазар, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги зема предвид само

навремено доставените мислења и коментари.

Закон за управување со отпадот

Член 22, Стратегија за управување со отпадот

Со Стратегијата за управување со отпадот меѓудругото се определуваат активности за подигнување на свеста и обезбедување информации насочени кон општата јавност или целни групи на потрошувачи) и други прашања значајни за развојот на управувањето со отпадот.

Член 102, Обврска за објавување на податоците

(1) Органот за животната средина, односно стручниот орган, организационата единица за регионално управување со отпад, градоначалникот на општината и градот Скопје и производителите од прописите за посебните текови на отпад, ја информираат јавноста за состојбата за управувањето со отпадот, за постигнатиот напредок, идните активности за подобрување на состојбата за управување со отпадот, како и за споредбени податоци за постојната со претходната состојба за управување со отпад.

(2) Податоците, органите од ставот (1) од овој член ги објавуваат на својата веб страница.

Член 103, Достапност на информациите за управување со отпадот

Органот за животната средина и стручниот орган се должни на заинтересираните субјекти да им обезбедат пристап до информациите во врска со управувањето со отпадот, во согласност со Законот за животната средина.

Закон за просторно и урбанистичко планирање

Овој Закон е надвор од употреба.

Донесен е Закон за урбанистичко планирање од страна на Министерството за транспорт, во кој се наведени видови на документи кои се ставаат на јавен увид и за кои се одржува стручна и јавна презентација/расправа.

Во истиот закон, член 46, го објаснува механизмот партиципативно тело.

(1) За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, општините, општините во град Скопје и градот Скопје, задолжително формираат партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на партиципиентите од ставот (3) на овој член.

(2) Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

(3) Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, општината во град Скопје и град Скопје, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и

граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

(5) Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

(6) Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Во тек на изработка е Законот за просторно планирање, кој се уште не усвоен. Кон крајот на 2023 година се одржа јавна расправа, но поради коментари и реакции од страна на засегнатата јавност, Законот беше вратен на доработка. Во однос на учеството на јавноста, релевантни се следните членови.

Член 10, Начело на учество на јавноста

(1) Надлежните органи мора да и овозможат на јавноста да учествува во одлучувањето и донесувањето на просторни акти на начин што на јавноста и се овозможува рано и ефективно учество.

(2) Секој има право на увид во просторните документи и сета документација поврзана со нивното изготвување и донесување во согласност со овој закон и законот со кој се уредува пристапот до информации од јавен карактер.

(3) Надлежните органи ја информираат јавноста за постапките за подготовка и изменување на просторните акти на начин што ќе се овозможи нивно навремено и соодветно суштинско разгледување.

(4) Секој има право да поднесува иницијативи, предлози, забелешки и мислења за просторните акти за кои органот мора да одлучува во процесот на нивното подготвување и за тоа да ја информира јавноста.

(5) Јавноста се информирана и може да ги прегледа постапките за подготовка на просторни акти преку просторно информацискиот систем, но тоа може да го прави и на други начини, доколку тоа е определено со овој закон.

Член 50, Јавна расправа

(1) За нацртот на просторен план се одржува јавна расправа.

(2) Постапката за обезбедување јавна расправа за просторниот план на Државата и за заштитените подрачја и за подрачјата со посебни карактеристики ја утврдува Министерството а за просторниот план на општината ја утврдува собранието на општината.

(3) Ако регионот се протега на две или повеќе општини, постапката за јавната

расправа соодветните општини ја утврдуваат спогодбено.

(4) Учесниците на јавната расправа даваат мислења, сугестии и забелешки по нацртот за просторен план во рок колку што трае јавниот увид.

(5) Нацртот на просторниот план што се изложува на јавна расправа го содржи текстуалниот и графичкиот дел од планот како и негово образложение и резиме за јавноста.

(6) Објавата за јавна расправа по нацртот на просторниот план на државно ниво и на регионално ниво се објавува во јавните гласила и на веб-страницата на Министерството.

(7) Објавата за јавната расправа по нацртот на општински просторен план се објавува во јавни гласила, на веб-страниците на Министерството и на единицата на локалната самоуправа.

(8) Записникот од јавните расправи ги содржи прашањата, мислењата, предлозите и забелешките на учесниците на јавната расправа дадени при јавната презентација, како и одговорите на поставените прашања.

| **Прашање 21** | **Пресретнати препрекипри имплементацијата на Член 7** |
|---|---|
| Прашање 21 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на Член 7 |

- Зајакнување на административните и финансиските капацитети на сите релевантни субјекти во процесот.
- Учество на јавноста во креирањето на стратегиските државни документи и процеси поврзани со правењето нацрт закони, подзаконски акти и правилници не е на задоволително ниво.
- Улогата на медиумите, имено, медиумското покривање на прашањата поврзани со животната средина исто така не е задоволително.

| **Прашање 22** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 7** |
|---|---|
| Прашање 22 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлучувањето за посебните активности од Член 7 |

Во периодот на известување (2021 – 2023) беа извршени неколку постапки за стратегиска оцена на влијанието на животната средина:

- Нацрт Извештај за стретегиска оцена на животната средина за План за управување со Заштитен предел Осоговски Планини 2021 – 2031 година
- Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за нацрт План за спречување на создавање на отпад 2022-2027 на Република Северна Македонија
- Извештај за стретешка оцена на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во Општина Свети Николе" КО Мечкуевци, Општина Свети Николе
- Нацрт извештај за стратегиска оценка на животната средина ДУПД за изградба

на рударски комплекс Плавица;

- Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на „Меѓурегионална депонија за комунален отпад -централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе“ КО Мечкуевци, општина Свети Николе

Јавноста беше вклучена во постапката за стратегиска оцена на животната средина за погоре спомenатите документи.

| Прашање 23 | Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 7 |
|---|---|
| Прашање 23 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

www.moepp.gov.mk

Сектор за просторно планирање | МЖСПП (moepp.gov.mk)

| Прашање 24 | Напори направени за промовирање на учеството на јавноста за време на подготвувањето на регулативата и останатите правила кои може да имаат значителен ефект врз животната средина пропишани во Член 8 |
|---|---|
| Прашање 24 | Опишете ги напорите направени за промовирање на ефикасно учество на јавноста за време на подготвувањето од страна на властите на извршните одредби и останатите општо применливи законски обврзувачки правила кои може да имаат значителен ефект врз животната средина пропишани во Член 8. До потребниот степен, опишете го транспнирањето на релевантните дефиниции<br>во Член 2 и побарувањата за недискриминација во Член 3, став 9 |

Во Република С. Македонија за изработка на закони како и при нивната измена и дополнување задолжително се спроведува оцена на влијанието на регулативата во Република С. Македонија. Постапката за оцена на влијанието на регулативата е уредена во: Законот за Владата на РСМ; Деловникот за работа на Владата на РСМ и со Методологија за оцена на влијанието на регулативата. За таа цел воспоставен е веб порталот на електронски регистар на прописи (www.ener.gov.mk) на кој се објавуваат сите нацрт текстови на закони како и нивните измени и дополнувања. Паралелно со нацрт текстовите на законите се објавува и извештајот за спроведување на оцена на влијанието на регулативата во кој се содржат мислењата и коментарите кои се доставени по нацрт текстовите на прописите. Сите свои забелешки јавноста може да ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање или пак да ги стави на порталот. Нацрт текстовите на законите задолжително се објавуваат на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

| Прашање 25 | Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 8 |
|---|---|
| Прашање 25 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на Член 8 |

- Зајакнување на капацитетите на централните владини субјекти за имплементирање на процедура за Оценка на влијанието на регулативата;
- Зголемување на свесноста на јавноста и промоција на ИАР како алатка за

учество на јавноста во донесувањето на законите;

- Зајакнување на човечки и финансиски капацитети на сите релевантни субјекти во процесот на централно и локално ниво. Техничката опрема е на ниско ниво за да може да обезбеди постојан пристап до информациите.
- Релативно низок интерес на јавноста за учество во постапките поврзани со подготовката на нацрт законите.
- Недоволно знаење на засегнатата јавност за тоа како, кога и кај кого да ги поднесе мислењата.

| **Прашање 26** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во областа опфатена во Член 8** |
|---|---|
| Прашање 26 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во областа опфатена во Член 8 |

Министерството за животна средина и просторно планирање, дополнително во рамки на проектите во кои се подготвуваа прописите и стратешките документи, како и за останатите прописи и документи настојува да обезбеди транспарентност преку следните форми: прашалници, спроведување истражувања на јавното мислење: квантитативна и квалитативна анкета, организирање работилници за нацрт-текстовите на законите итн. Во овие работилници учествуваат претставници од владините и државните институции, единиците на локална самоуправа, јавни претпријатија, претсавници од индустријата односно Стопанската комора на РСМ, други приватно-правни ентитети носители на обврски, невладини организации, научни и стручни организации, а добиените валидни коментари беа вградени во нацрт и предлог Законите.

| **Прашање 27** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 8** |
|---|---|
| Прашање 27 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

www.moepp.gov.mk

www.ener.gov.mk

| **Прашање 28** | **Законски, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за пристап до правда во Член 9** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Прашање 28 | Наведете законски, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за пристап до правда во Член 9. Објаснете како е имплементиран секој став од Член 9. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за недискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конкретно опишете: (а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел:<br>(и) Секое лице кое смета дека неговото или нејзиното барање за информација според Член 4 не е разгледано во согласност со одредбите на тој Член да има пристап до процедурата на разгледување пред суд или друго независно и непристрасно тело основано со закон;<br>(ии) Онаму каде што постои одредба за ваков преглед дадена од суд, истото лице исто така има пристап до експедитивната процедура воспоставена со закон, која е бесплатна или не многу скапа за разгледување од страна на властите или преглед од страна на друго независно и непристрасно тело освен судот;<br>(иии) Конечните одлуки според овој став се обврзувачки за властите кои ги поседуваат информациите и тие причини се наведени во писмена форма, барем онаму каде што е одбиен пристапот до информации;<br>(б) Мерките преземени со цел во рамки на националната законска регулатива, претставниците на засегнатата јавност кои ги исполнуваат критериумите дадени во став 2 да имаат пристап до процедурата на разгледување пред суд и/или друго независно и непристрасно тело основано со закон, да ја испитаат суштинската и процедурална законитост на било која одлука, акт или пропуст кои се предмет на одредбите од Член 6;<br>(в) Во однос на став 3, мерките преземени со цел онаму каде што ги исполнуваат критериумите, доколку такви постојат, дефинирани во националниот закон, претставниците на јавноста да имаат пристап до административните или законските процедури за испитување на актите и пропустите од стана на приватни лица и властите кои ги прекршуваат одредбите од националниот закон<br>кои се однесуваат на животната средина;<br>(г) Во однос на став 4, мерките преземени со цел:<br>(и) Процедурите наведени во ставовите 1, 2 и 3 да обезбедуваат соодветен и ефикасен правен лек;<br>(ии) Инаку, ваквите процедури ги исполнуваат барањата од овој став;<br>Д) Во однос на став 5, мерките преземени со цел за јавноста да се обезбедени информации за пристап до административниот и правниот преглед. |

Во Законот за животната средина, во член 55 се јасно дефинирани случаите во кои надлежниот субјект за давање на информација може да го одбие барањето за добивање на инфорамции и тоа:

- Не ја поседува бараната информација. Во тој случај субјектот е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да го препрати до субјектот кој ја поседува бараната информација, доколку знае кој е тој субјект и за тоа да го извести барателот. Доколку не знае кој ја поседува бараната информација, го известува барателот кој субјект најверојатно ја поседува бараната информација;
- Барањето е очигледно неразумно;
- Барањето е премногу воопштено. Субјектот е должен, во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на барањето, по писмен пат, да го поучи барателот за формата, содржината и за обемот на барањето и/или
- Барањето се однесува на информација којашто се наоѓа во фаза на дооформување или служи за интерни потреби и комуникации. Доколку станува збор за информација што се наоѓа во фаза на изготвување, субјектот го известува барателот на информацијата за тоа кој субјект ја подготвува информацијата и за колку време ќе биде изготвена.

Субјектите можат да одбијат да овозможат пристап до информацијата, само доколку нејзиното објавување би имало негативни последици врз:

1) доверливоста на постапките кои ги водат надлежните органи, во случај кога доверливоста е утврдена во согласност со закон или пропис донесен врз основа на закон;
2) меѓународните односи, јавната безбедност и одбраната на земјата;
3) судската постапка, правата на правните и на физичките лица на правична судска постапка, како и врз правото да се покрене судска или дисциплинска постапка;
4) доверливоста на трговските или на индустриските информации, во случај кога таквата доверливост е загарантирана со закон, со цел за да се заштити легитимниот економски интерес, вклучувајќи го и јавниот интерес во задржување на статистичката доверливост и тајноста на даноците;
5) заштитата на лицата и на доверливоста на личните податоци;
6) заштитата на правата на интелектуална и индустриска сопственост;
7) интересите или заштитата на секое лице кое што ја доставило бараната информација, без каква било обврска истата да ја достави, доколку тоа лице не се согласува со објавувањето на таа информација и/или
8) заштита на животната средина, а особено заштита на одредени диви видови и/или типови на живеалишта;

Субјектите нема да го одбијат барањето во случај на ставките 1, 4, 5, 7 и 8 доколку тоа барање се однесува на информациите за ослободувањата или за други емисии во животната средина.

Во секој од погоре наведените случаи, субјектите имаат обврска да проценат дали заштитата на јавниот интерес на кој се однесува бараната информација е од поголема важност отколку интересот стекнат преку објавување на информацијата.

Субјектите по поднесеното барање за добивање на информација се должни бараните информации да ги направат достапни во најкраток може рок, но не подоцна од еден месец од денот на приемот на барањето или најдоцна во рок од

два месеца по приемот на барањето доколку поради обемноста и комплексноста на информациите истите не можат да се комплетираат во рок од еден месец.

Доколку постојат причини поради кои не може да се постапи по барањето, субјектот до кој е поднесено барањето го одбива со донесување Решение за одбивање на барањето односно заклучок во кој задолжително се наведуваат причините за одбивање на барањето, како и правна поука за можностите за изјавување жалба по решението или по заклучокот.

Против донесеното решение односно заклучокот со кое се одбива барањето за пристап до информации, барателот има право да поднесе жалба до второстепен орган. Органот каде се поднесува жалбата се менува зависно од тоа кој го носи решението. Имено, доколку решението односно заклучокот го усвоила Владата на Република С. Македонија и државните административни органи, барателот има право да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер заради второстепено решавање на административните прашања во врска со ЖС.

Против донесеното решение односно заклучокот усвоено од општинските органи, или Градот Скопје и општините на градот Скопје; правните субјекти и физички лица кои во согласност со законот имаат јавно овластување, вклучувајќи посебни обврски, активности и услуги поврзани со ЖС и/или правни субјекти и физички лица кои, врз основа на законот или договор, извршуваат активност или услуга од јавен интерес поврзани со ЖС, под надзор на органите или физичките лица, барателот има право на жалба кај МЖСПП. Постапката за жалбата се извршува во согласност со Законот за општи управни постапки.

Правото на жалба е предвидено и во Законот за животна средина, со цел да им овозможи на организациите и физичките лице пристап до правдата, ги специфицира случаите во кои здруженијата на граѓани основани заради заштита на животната средина и јавноста имаат право на жалба од областа на животната средина, заради заштита на своите права и интереси во неколку случаи, кои вклучуваат:

а) правото за пристап до информации од областа на животната средина

б) правата во постапката за оцена на влијанијането врз животната средина в) правата во постапката за издавање на интегрирана еколошка дозвола

Правото на пристап на организации и поединци до правдата заради заштита на своите права и интереси, во управна постапка, се утврдува и со посебните закони од областа на животната средина, со кои се регулираат правата на правните и физичките лица од областа на животна средина.

Против донесените решенија во второстепена постапка, барателот има право да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Согласно член 13 став 4 од Законот за судовите, судските одлуки се обврзувачки за сите правни и физички лица.

Согласно, Заштита на правата на поединците и организациите во управна постапка е предвидено и од страна на институцијата Народен правобранител (Омбудсман). Институцијата Народен правобранител (Омбудсман) во РСМ има основна законска функција и обврска да ги штити права на граѓаните и на сите други лица, кои им се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните акти и документи ратификувани од Собранието на РСМ во таа смисла и заштита на правото за

слободен пристап до информациите од областа на животната средина. Народниот правобранител во уставниот систем на РСМ е поставен како самостоен и независен орган, како механизам преку кој се штитат уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија на органите на државната управа и на други органи и организации што имаат јавни овластувања. Начинот на избор на Народниот правобранител гарантира негова самостојност и независност во вршењето на функцијата. Законот за Народниот правобранител (Службен весник на РМ бр. 60/2003) во членовите 11-18, предвидува дека барателот е ослободен од давачки за постапката пред Народниот правобранител.

Членот 2 од Конвенцијата е имплементиран во Законот за животна средина со следните членови:

- Член 5 од Законот за животната средина.

Јавноста е еден и/или неколку правни субјекти и/или физички лица, како и организации и граѓански здруженија воспоставени во согласност со закон;

Засегнатата јавност е јавноста која во моментот е засегната и/или во иднина може да биде засегната или има интерес во врска со донесувањето на одлуки за ЖС кадешто има посебен однос со посебна постапка. Засегнатата јавност вклучува граѓански здруженија воспоставени за заштита и унапредување на ЖС, како и физички лица кои многу веројатно ќе ги искусат влијанијата од донесените одлуки;

**Дефиниција: Информациите поврзани со ЖС се имплементирани во Член 51 – Пристап до информации од Законот за животна средина:**

(1) Секој има право, без притоа да мора да го докажува својот интерес, од органите и правните и физичките лица определени во членот 52 став (1) од овој закон, да бара валидизирани информации и податоци што се однесуваат на животната средина. Информациите за животната средина можат да бидат во посед или да се поседуваат за органите и правните и физичките лица од членот 52 став на овој закон.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на:

- Состојбата на медиумите и областите на животната средина, како што се воздухот и атмосферата, водата, почвата, земјиштето, биолошката и пределската разновидност, вклучувајќи ги и генетски модифицираните организми, како и меѓусебната интеракција на овие елементи;
- Факторите, како што се материјата, енергијата, нуклеарните горива и нуклеарната енергија, бучавата, радијацијата или отпадот, вклучувајќи го и радиоактивниот отпад, емисиите и другите облици на испуштања во животната средина кои влијаат или би можеле да влијаат на медиумите и областите на животната средина и на животот и здравјето на човекот;
- Мерките, вклучувајќи ги и административните, како што се политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно - да влијаат врз
- медиумите, областите и врз факторите на животната средина, како и мерките

или активностите за заштита на тие елементи;

- Извештаите, за имплементацијата на законите и другите прописи и акти кои се однесуваат на животната средина;
- Анализа на трошоците и на придобивките и другите финансиски и економски анализи и претпоставки кои се користат во рамките на преземените мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина од точката 3 на овој став и
- Состојбите поврзани со животот и здравјето и со безбедноста на луѓето, безбедноста на прехранбените производи вклучувајќи го и влијанието на загадувањето во ланецот на исхрана, условите за живот на луѓето, местата од значење за културата и изградените објекти, во мерка во којашто тие се под влијание или би можеле да бидат под влијание на медиумите и областите на животната средина или преку влијанијата на тие медиуми и области врз кои било од состојбите на наведените елементи и фактори.

**Дефиницијата "Јавен орган" е имплементирана во член 52 – Субјекти кои поседуваат информации за животната средина**

(1) Органи и правни и физички лица (во натамошниот текст: субјекти) кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се:

- Владата на Република С. Македонија и органите на државната управа,
- органите на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје,
- правните и физичките лица на кои, во согласност со закон, им се доверени јавни овластувања, вклучувајќи и специјални должности, активности и услуги во областа на животната средина и/или
- правните и физичките лица кои, врз основа на закон или договор, вршат дејност или услуга од јавен интерес во областа на животната средина, под надзор на органите или субјектите од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.

(2) Владата на Република С. Македонија, по предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, објавува и одржува листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина. Во Листата се определуваат и информациите кои ги поседува секој од наведените субјекти.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да определат овластено лице кое ќе биде одговорно за остварување на правото за пристап до информации за животната средина, како и да обезбедат просторија во која барателите ќе можат да ги разгледуваат или да вршат увид во бараните информации за животната средина.

(4) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни бараните податоци и информации за животната средина да ги доставаат или направат достапни за лицата кои побарале пристап до информации согласно со членот 51 од овој закон.

Заради хармонизација на одредбите од Конвенцијата истите се назначени во усвоените подзаконски акти, и тоа: Одлука за објавување на Листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина (Службен весник на РМ бр. 82/07) и Правилник за начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина (Службен весник на РМ бр. 93/07).

Во согласност со Член 3 од Правилникот за начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина (Службен весник на РМ бр. 93/07) пропишано е следното:

“Правото на пристап до информации за животната средина им припаѓа на сите баратели на ист начин и под еднакви услови и тие се рамноправни во нивното остварување.

На барањата за пристап до информации за животната средина се одговара според редоследот на пристигнатите барања, а согласно временскиот период потребен за подготвување на одговорите на барањата", став 9 од Член 3 од Конвенцијата е имплементиран.

| **Прашање 29** | **Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 9** |
|---|---|
| Прашање 29 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 9 |

Недоволни капацитети на надлежните органи за спроведување на правото на пристап до правда особено на органите на извршната и судската власт. Потребна е посебна обука исклучиво за третиот столб како би можело да се изврши правилна имплементација на истиот.

| **Прашање 30** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 9** |
|---|---|
| Прашање 30 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за пристап до правдата според Член 9, пр. дали постојат достапни статистички податоци за правда во областа на животната средина и дали постојат помошни механизми за отстранување или намалување на финансиските и другите пречки до пристапот до правдата? |

Во Законот за Народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/03) во членовите 11-18, предвидува олеснувања во смисла дека барателот е ослободен од давачки за постапката која ја иницирал пред Народниот правобранител.

Дополнително, Законот за Народен правобранител овозможува поднесување на претставка од страна на секој државјанин на Република С. Македонија кога некое негово основно човеково право не е почитувано или е повредено од страна на интитуциите на системот или од некое друго правно или физичко лице.

Земајќи го предвид членот 44 од Уставот на Република С. Македонија кој на секој државјанин му обезбедува услови за живот во здрава и чиста животна средина, Народниот правобранител ги зема предвид и претставките кои се однесуваат на повредата на ова право.

Во 2012 година невладината организација ЦЕД Флорозон од Скопје, ја започна реализацијата на проектот “Еколошка правда во Македонија” насочен кон зајакнување на капацитетите на Народниот правобранител за практична примена на правото на пристап кон правда. Имено, целта на проектот беше зајакнување на капацитетите на Народниот правобранител, претставниците на граѓанското општество, централната и локална власт за одредбите и обврските кои произлегуваат од третиот столб на Архуската Конвенција, со тоа посочувајќи кон потребата за поглема униформност во нејзината примена, како и наметнување на

алтернативни механизми за забрзани и напредни процеси, како и адекватни и ефикасни мерки за отстранување на последиците. Претставници од 7 регионални канцеларии на Народниот правобранител имаа придобивка од програмата, вклучувајќи адвокати, претставници од Министерството за правда и Министерството за животна средина и просторно планирање, како и претставници од граѓанското општество. Програмата беше реализирана во соработка со тимот на експерти за еколошко право од организацијата EMLA (Environment Management and Law Association) од Унгарија.

| **Прашање 31** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 9** |
|---|---|
| Прашање 31 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат: |

www.covekovi-prava.gov.mk

www.ombudsman.gov.mk

www.sobranie.mk

www.stat.gov.mk

www.usud.gov.mk

www.mlrc.org.mk

Home - Архус Центар - Македонија (arhus.mk)

https://arhus.mk

| **Прашање 32** | **Општи забелешки за целта на Конвенцијата** |
|---|---|
| Прашање 32 | Доколку треба, назначете како имплементацијата на Конвенцијата придонесува кон заштитата на правото на секое лице од сегашните и идните генерации да живее во ЖС што е соодветна за неговото здравје и добросостојба. |

Архуската Конвенција како меѓународен договор е еден од најважните инструменти за заштита на правото на граѓаните за здрава животна средина. Јавноста има право и потреба да биде информирана, да учествува во одлучувањето по прашањата за заштита на животната средина и да има слободен пристап до истите. Имплементацијата на Архуската Конвенција овозможува подобрување на пристапот до информациите, зголемување на учество на јавноста во одлучувањето со што се подобрува квалитетот на одлуките, а сето тоа ќе резултира со подобрување на квалитетот на животната средина. Имплементацијата на Архуската Конвенција придонесува кон заштита на правото на секој поединец од сегашните и идни генерации, да живее во животна средина што е соодветна за неговото здравје и добросостојба и да се овозможат правата на пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата во однос на прашањата сврзани со заштита на животната средина, а во согласност со Законот за животната средина.

| **Прашање 33** | **Законски, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за генетски модифицирани организми во согласност со Член 6 bis и Анекс I bis** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Прашање 33 | Во врска со законските, регулативни и други мерки за имплементација на одредбите за учество на јавноста во одлуките за намерно ослободување во ЖС и пласман на генетски модифицирани организми на пазарот во согласност со Член 6 bis, опишете:<br>(а) Во однос на став 1 од Член 6 bis и:<br>(i) Став 1 од Анекс I bis, уредбите во регулативната рамка на Страната за да се осигура ефективно информирање и учество на јавноста за одлуки предмет на одредбите од Член 6 bis;<br>(ii) Став 2 од Анекс I bis, исклучоците пропишани во регулативната рамка на Страната за постапката на учество на јавноста пренесени во Анекс I bis и критериумите за таквите исклучоци;<br>(iii) Став 3 од Анекс I bis, преземените мерки за да биде ставен резимето од известувања на располагање на јавноста на соодветен, навремен и ефективен начин, воведени со цел да се добие овластување за намерно ослободување или пласман на пазарот на генетски модифицираните организми, како и извештајот од оценката каде постои;<br>(iv) Став 4 од Анекс I bis, преземените мерки за да се осигура дека информациите наведени во тој став не се сметаат за доверливи во секој од случаите;<br>(v) Став 5 од Анекс I bis, преземените мерки за да се осигура транспарентност во постапките за донесување на одлуки и да се обезбеди пристап за јавноста до |

| | |
|---|---|
| | релевантните информации за постапката вклучувајќи, на пример: а. природата на можното решение; b. Државниот орган кој е надлежен за донесување на одлуката; c. Уредбите за учество на јавноста пренесени во согласност со став 1 од Анекс I bis; d. Назнака на државниот орган од кој може да се |

добијат релевантните информации; е. Назнака на државниот орган кај кој може да се поднесуваат забелешки и за временскиот распоред за пренесување на забелешките;

(vi) Став 6 од Анекс I bis, преземените мерки за да се осигура дека уредбите воведени за да се имплементира став 1 од Анекс I bis и дозволуваат на јавноста да поднесува, на соодветен начин, забелешки, информации, анализи или мислења кои ги смета за релевантни за предложеното намерно ослободување или пласман на пазарот;

(vii) Став 7 од Анекс I bis, преземените мерки за да се осигура дека соодветно внимание е посочено а резултатот од постапките за учество на јавноста организирани во согласност со став 1 од Анекс I bis;

(viii) Став 8 од Анекс I bis, преземените мерки за да се осигура дека содржината на решенијата предмет на одредбите од Анекс I bis донесени од државен орган се ставени на располагање на јавноста заедно со причините и забелешките врз основа на кои се направени;

(b) Во однос на став 2 од Член 6 bis, како барањата направени во согласност со одредбите од Анекс I bis ја надополнуваат и взаемно ја поддржуваат националната рамка за биосигурност на Страната и се усогласени со целите на Картагенскиит Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

<u>Закон за генетски модифицирани организми</u>

Член 12, Консултации со јавноста и известување

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен известувањето за добивање на дозвола за ограничено користење на ГМО, известувањето за добивање на дозвола за намерно ослободување на ГМО во животната средина и известувањето за добивање на дозвола за пуштање на ГМО производи на пазар, во рок од пет дена од денот на приемот на комплетното известување, да објави кратка содржина на неговата интернет страна и во два дневни весника достапни на целата територија на Република С. Македонија на сметка на корисникот, односно известувачот.

Податоци за местото каде што може да се изврши увид во податоците од известувањето се наведуваат во објавата.

Јавноста и здруженијата на граѓани можат своето мислење за известувањата од ставот на овој член да го доставaт до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од 30 дена од денот на објавувањето.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен да им овозможи увид на јавноста и здруженијата на граѓани, во податоците од известувањето, вклучително и планот за итни случаи, извештајот за процена на ГМО производот, мислењето добиено од Научниот комитет за ГМО, мислењата добиени од другите надлежни органи, како и други информации што го следат известувањето.

Формата и содржината на образецот на објавата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ограничено користење на ГМО, за намерно ослободување на ГМО во животната средина, за пуштање на ГМО на пазар, како и на други информации поврзани со користењето на ГМО ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

При издавање на дозволата за ограничено користење на ГМО, дозволата за намерно ослободување на ГМО во животната средина, како и/или дозволата за пуштање на ГМО производи на пазар, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги зема предвид навремено доставените мислења и коментари.

При издавање на дозволите, времето потребно за консултација со јавноста не се засметува во рокот определен за издавање на дозволите.

Врз основа на Член 12 од Законот за генетски модифицирани организми (Службен весник на РМ. 35/08 и 163/13), усвоени се следните подзаконски акти:

- Правилник за формата и содржината на образецот на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи (Службен весник на РМ. 23/14)
- Правилник за начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ограничено користење на ГМО, за намерно ослободување на ГМО во ЖС, за пуштање на ГМО на пазар, како и други информации поврзани со користењето на ГМО (Службен весник на РМ. 23/14).

| **Прашање 34** | **Пресретнати препреки при имплементацијата на Член 6 bis и Анекс I bis** |
|---|---|
| Прашање 34 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 6 bis и Анекс I bis. |

Постои потреба од зголемување на бројот на одговорни лица за имплементација на законодавството за ГМО.

| **Прашање 35** | **Понатамошни информации за практичната примена на одредбите од Член 6 bis и Анекс I bis** |
|---|---|
| Прашање 35 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлуките за намерно ослободување во ЖС и пласирање на генетски модифицирани организми на пазарот во член 6 bis, пример, дали постои статистика или други информации на располагање за учество на јавноста во таквите одуки од став 2 од дополнувањето I bis кои се исклучок од постапките за учество на јавноста во тој Анекс? |

Практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлуките за намерно испуштање во ЖС и пласман на генетски модифицирани организми во согласност со Член 6 не е започната.

| **Прашање 36** | **Веб страни релевантни за имплементацијата на Член 6 bis** |
|---|---|
| Прашање 36 | Посочете релевантни веб страни, доколку постојат, вклучувајќи веб страни за регистри на одлуки и објави поврзани со генетски модифицирани организми. |

www.moepp.gov.mk

www.fva.mk

| **Прашање 37** | **Проследување по прашањата на усогласеност** |
|---|---|
| Прашање 37 | Доколку, при разгледување на извештајот и било која препорака на Комисијата за усогласеност, при Состанокот на Страните на последната средба било одлучено за мерки во врска со усогласеноста на вашата држава, назначете<br>(a) кои биле тие мерки, и<br>(b) кои посебни активности презела вашата држава за да ги имплементира мерките со цел да постигне усогласеност со Конвенцијата.<br>Ве молиме вклучете наизменични референци кон соодветните делови, како што се поврзани. |

Практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлуките за намерно испуштање во ЖС и пласман на генетски модифицирани организми во согласност со Член 6 не е започната.